магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 72 страници
Година 2 Број 3
Мај 2023 г.
Цена 150 ден.

## ДУРБИН

## УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ ДОБИ НАГРАДА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ




### МЕГАИНТЕРВЈУ
Трајан АНГЕЛОВСКИ
**Претседател на Сојузот на стопански комори**

### ОБРАЗОВАНИЕ
**Студентски караван на Универзитетот Скопје**

### МОЈА ОПШТИНА
Горан ГЕРАСИМОВСКИ
**Градоначалник на Општина Центар**

ISSN 2671-3934
5 318000 033115

www.magazinturizam.mk





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник М-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: Трајан АНГЕЛОВСКИ **Претседател на Сојузот на стопански комори** 4



ОБРАЗОВАНИЕ **Студентски караван на Универзитетот Скопје** 10



КОЛУМНА: **Проф. д-р Сашо КОЖУХАРОВ** Декан на Економскиот факултет на Универзитетот Скопје 16



ТЕМА: **Патишта во Македонија – скандалозни договори, бавна изградба и незадоволни граѓани** 20



МОЈА ОПШТИНА: **Интервју со Горан ГЕРАСИМОВСКИ, градоначалник на Општина Центар** 28



РЕПОРТАЖА: **Баргала – неуреден и заборавен археолошки потенцијал** 34



ДУРБИН: **Универзитетот Скопје - добитник на награда за општествена одговорност** 40



ЕНЕРГЕТИКА: **Божиновска: Македонија е земја со многу сончеви денови и може да биде извозник на енергија** 48



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Патриција ДИ ЦОВАНИ,** Претставник на УНИЦЕФ во Македонија 56



КОМПАРАЦИЈА: **Летна сезона во Македонија и во регионот** 64

ЗПГМ ЗПГМ

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ



Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# АЛАРМОТ Е ВКЛУЧЕН!

*Последните случувања поврзани со огромната трагедија во Белград уште еднаш го вклучија алармот за образовниот процес, за вниманието што треба да ѝ се посвети на воспитната компонента во училиштата. Родителите и наставниците ја имаат клучната улога, тие се најодговорни за градењето вредности и за воспитување на децата и на учениците.*

*Идеално би било кога би дејствувале заеднички, а не како што е сега: едните им ја префрлаат топката на другите за тоа кој треба да ги воспитува младите. Неретко наставниците знаат да кажат дека им доаѓаат невоспитани деца од дома, а, пак, родителите сметаат дека целокупната грижа за воспитанието и за образованието на нивните деца треба да биде од страна на училиштето, односно наставниот кадар.*

*Непроценлива е улогата на наставниците во развивањето на вредностите и во реализирањето на воспитната компонента. Најважно е наставникот да биде свесен дека неговата работа не се состои само од пренесување знаења – тоа на денешниве деца им е дофат преку дигиталната технологија – туку и да воспитува. Доста им е на младите од негативни модели во нашето општество, од несоодветни постови, говор на омраза. Со учениците треба да се разговара за проблемите, да се слушне нивното мислење, а не само да се наметнуваат решенија. Секое наметнато решение значи дека одговорноста ја преземаат возрасните, а со тоа не се развива одговорност кај учениците.*

*Во ова дигитално време сè појасно станува дека воспитната функција многу потешко се остварува во современото семејство отколку во некогашното традиционално семејство. Затоа, училиштето треба да му помогне на семејството. Љубовта на децата не се купува со пари, туку со грижа, разбирање за нивните проблеми, разговори, едноставно со доволно внимание. Сè тргнува од семејството, родителите треба да им бидат пример децата, но и училиштето како втор дом!*

# МЕГАИНТЕРВЈУ

## ТРАЈАН АНГЕЛОВСКИ
### Претседател на Сојузот на стопански комори



# АНГЕЛОВСКИ: НАШАТА ЕКОНОМИЈА НЕ ИМ ОВОЗМОЖУВА ДОВОЛНО ШАНСИ НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ДА ИНВЕСТИРААТ



***„Се наоѓаме во исклучително тешка позиција. За успешно планирање и водење на бизнисите, многу е важно да постои предвидливост, бидејќи без тоа не може да се носат деловни одлуки кои ќе дадат позитивни резултати. Генерално, како држава, постојано доцниме со решенијата"***, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, првиот човек на Сојузот на стопански комори, Трајан Ангеловски. Тој во интервјуто оценува дека владините мерки редовно се насочени да го гаснат социјалниот пожар, а многу ретко се во правец на коренито решавање на проблемите или храбро преземање суштински реформи кои на долг рок би донесле и одреден бенефит.

**Ангеловски, веќе втора година сте на чело на Сојузот на стопански комори, во време кога македонското општество помина низ серија кризи, од пандемијата со Ковид-19, економска криза до високата инфлација. Колку успеавте во овој период да ги наметнете најважните економски проблеми за дискусија во јавноста?**

Сојузот на стопански комори е една од најголемите деловни мрежи во нашата земја. Доминантно ги застапува малите и средни претпријатија, кои се двигател на нашата економија. Во последниве две години во општеството пошироко, а особено во економијата, постојано влегуваме од една во друга криза, што значи дека компаниите

во континуитет се соочуваат со отежнати околности за деловна активност. Сојузот во континуитет ги следи состојбите и систематизирано предлага мерки и политики кои му се потребни на реалниот сектори, а кои ги адресира до надлежните институции. Искрено верувам дека го креваме гласот за сето она што има широко негативно влијание, а некои од нашите предлози и се имплементираат. Секако изразуваме и голема благодарност до медиумите кои неуморно ја следат нашата работа и кои помагаат во процесот на креирање на јавното мислење и наметнување на важните теми со цел креирање притисок за позитивни промени.

**Бизнисот носи голем товар, фирмите се соочуваат со голема неизвесност, намалена побарувачка на странските пазари, висока инфлација, зголемувања на даноците. Големи стресови доаѓаат од многу страни. Како влијае сето ова на стопанството?**

Се наоѓаме во исклучително тешка позиција. За успешно планирање и водење на бизнисите, многу е важно да постои предвидливост, бидејќи без тоа не може да се носат деловни одлуки кои ќе дадат позитивни резултати. Генерално како држава постојано доцниме со решенијата. Кога немате точни конкретни решенија за актуелните проблеми, бизнисите се обидуваат да рационализираат, со цел да обезбедат одржлив опстанок. Тоа значи дека нема инвестиции и развојна компонента која носи додадена вредност. Во приватниот сектор во нашата земја работат околу 700 000 луѓе. Кога тонат компаниите, тонат и сите овие луѓе и нивните семејства, а се доведува во прашање и обезбедувањето средства за функционирање на државните институции.

**Педесет илјади денари се потребни за да може да преживее едно четиричлено семејство. Додека со платата на еден функционер се покриваат дури три минимални синдикални кошнички, еден работник не може да си го прехрани своето семејство ни со две минимални плати. Незадоволството кај граѓаните и кај фирмите расте. Како Сојуз на стопански комори, што им сугерирате на министрите по економија?**

Уште кога почна економската криза со почетокот на пандемијата, алармиравме и апелиравме товарот да се подели рамномерно меѓу сите чинители, бидејќи само така може да се намали огромниот негативен ефект кој се генерираше. Исто така, приватниот сектор во нашата земја постојано се наоѓа во некоја подредена позиција, иако тој е оној кој обезбедува средства за да може да функционираат државните институции и администрацијата. И кога ќе го земете предвид целиот контекст на работите, очекувано беше зголемувањето на платите на функционерите да предизвика огромно незадоволство. Јас лично сметам дека сите треба да имаат поголеми приходи затоа што трошоците за живот се значајно зголемени, но мора да сме свесни дека тоа не може да се прави со административни одлуки, туку потребно е да функционира според економската логика. Мора да се намали бројот на јавната администрација, да се воведе дигитализацијата, и со ваквата рационализација да се обезбедат дополнителни средства за да се мотивираат администрацијата и функционерите.

**Бизнисот генерално беше против замрзнувањето на цените. Колку власта, според Вас, требаше да го заштити населението како што тоа го прават другите држави, со финансиска инјекција за секое домаќинство?**

Бизнисите работеа во услови кога цената на влезовите во производните процеси постојано се зголемуваше. Во такви услови, не можете да ги замрзнете цените на крајните производи бидејќи никој не е во состојба да произведува производ од кој не



Трајан Ангеловски, претседател на Сојузот на стопански комори.





само што нема заработка, туку е во загуба. Тоа не е одржливо решение бидејќи води кон затворање на бизнисот. Во мерките и во пакетите кои ги креираше владата во изминатите две години, имаше и такви кои значеа директна финансиска поддршка за граѓаните. Сепак сметам дека помош треба да се дава онаму каде што парите ќе може да се размножат и да создадат додадена вредност. Без да обезбедиме квалитетни услови да стопанисување, раст и развој на компаниите, не можеме да очекуваме благосостојба на граѓаните на нашата земја.

**Колку се реални владините мерки или само гаснат социјален пожар? Има ли ефект од досегашните владини потези за стопанството?**

Владините мерки редовно се насочени да го гаснат социјалниот пожар и многу ретко се во правец на коренито решавање на проблемите или на храбро преземање суштински реформи кои на долг рок би донеле и одреден бенефит.

Речиси сите мерки што се преземени ги таргетираат физичките лица. И оние што им се дадени на прехранбените компании, не се наменети како крајна цел кон стопанството, туку кон намалувањето на цените за физичките лица.

Многу од предлозите што ги дававме беа наменети кон реформи на администрација, процедурите и непотребната бирократијата, кои не бараат дополнителни средства. За жал, најголемиот дел од нив не се имплементирани.

**Ангеловски, Власта ги испрати во Собрание законите за коридорите со европско знаменце. Лидерот на опозицијата, Мицкоски, имаше средба во ССК на оваа тема и порача дека цената која Македонија ќе ја плати за нив ќе биде најмалку два пати повисока од таа која ја лиферува Владата. Кој е ставот на бизнис-заедницата?**

Основните постулати на слободниот пазар е можноста цените да се формираат врз база на понудата и на побарувачката под еднакви услови за сите заинтересираните субјекти. Само така ќе може да се обезбеди здрава конкуренција што ќе донесе и квалитетен договор. Тоа е основно економско правило,

> *Сметаме дека државните институции пред сè треба да се фокусираат на намалување на нерационалните трошења. Некои јавни претпријатија со години работат со милионски загуби без да се побара одговорност од менаџментот на овие компании и без да се најде начин да се вратат средствата. И додека надлежните континуирано не преземаат мерки за да се сопре овој огромен одлив на средства од државниот буџет, се промовира еден нов систем на солидарност, кој на крајот на денот го поставува прашањето со што, во суштината, се солидаризираме, со неоснованото трошење на државните пари? Не може да има солидарност со неефективно работење бидејќи така се поддржува тој начин на функционирање. Навистина сметаме дека постои огромен простор за рационализација, намалување на јавната администрација, дури сметаме дека постои можност и да се појават вишок средства, а не намалени средства и продуцирање нови даноци за прибирање нови пари.*

па секогаш апелираме да одиме во тој правец, да се избегнуваат процедури што ќе фаворизираат одредени процеси или субјекти и да им се даде шанса на македонските компании да дојдат до еднаков и фер третман во нашата земја во однос на сите економски проекти. Транспарентното водење на постапките е исто така многу важно за да се избегне и за да се намали коруптивно однесување.

**Коморите постојано апелираат за предвидливост на деловниот амбиент. Стопанството е против ненадејни законски и други решенија кои удираат врз буџетот на фирмите и врз џебот на работниците. Солидарен данок – ќе се плаќа или не?**

**Дали треба Владата да наплати близу 80 милиони евра од компаниите од нивните екстра добивки?**

Сметаме дека државните институции пред сè треба да се фокусираат на намалување на нерационалните трошења. Некои јавни претпријатија со години работат со милионски загуби без да се побара одговорност од менаџментот на овие компании и да се најде начин да се вратат средствата. И додека надлежните континуирано не преземаат мерки за да се сопре овој огромен одлив на средства од државниот буџет, се промовира еден нов систем на солидарност, кој на крајот на денот го поставува прашањето со што се солидаризираме, во суштината, со



Трајан Ангеловски, претседател на Сојузот на стопански комори.



неоснованото трошење на државните пари? Не може да има солидарност со неефективно работење, бидејќи така се поддржува тој начин на функционирање. Навистина сметаме дека постои огромен простор за рационализација, намалување на јавната администрација, дури сметаме дека постои можност и да се појават вишок средства, а не намалени средства и продуцирање нови даноци за прибирање нови пари.

**Како претседател на Сојузот на стопанските комори, кои се според вас клучните промени кои треба да се направат за да тргне македонската економија во добар правец?**

Нашава земја и нашава економија не им овозможуваат доволно шанси на македонските компании да инвестираат. Ако станува збор во производни капацитети, не постојат доволно локации за изградба на индустриски капацитети, ако станува збор за енергетиката, на приватниот сектор не му се дава адекватна можност. Дали постојат одредени други такви можности што ќе го привлечете вниманието, на крајот се забележува и според нивото на инвестициите, кое е многу ниско. Административни процедури се сложени. Нема волја да се најдат решенија, на важни позиции се наоѓаат лица без доволно капацитет за успешно менаџирање на процесите.

**Колку водењето бизнис и менаџирање со Комората Ви остава време за приватниот живот и што најмногу Ве исполнува и Ве релаксира?**

Навистина живееме во еден многу деликатен момент, кој бара дополнителни екстра напори. Меѓутоа, некогаш „кога се работи под притисок", може да се постигне една ефективност во работењето и една рационализација во однос на времето, во обид да ги постигнеме зацртаните цели. Кризата во одредени моменти може да се дефинира и на следниов начин „да работиме 150 проценти во однос на минатата год за да оствариме 100 проценти". Значи, со дополнителен ангажман може да се постигнат зацртаните цели. Мораме да бидеме доволно успешни и во професионалниот дел исто колку и во приватниот, зашто само двете работи заедно можат да дадат целосна успешна слика.

# ОБРАЗОВАНИЕ



## УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ: СОЗДАВАМЕ КВАЛИТЕТЕН КАДАР КОЈ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ МАКЕДОНИЈА ДА СТАНЕ ПОДОБРО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ

Да се студира  на еден од најпрестижните универзитети во земјава е привилегија. Затоа од година во година се зголемува бројот на студенти кои одлучуваат своето образование да го продолжат на Универзитетот Скопје. Причините зошто да се донесе одлука да се студира токму на овој Универзитет се многубројни.  Меѓународно призната диплома, предавања согласно највисоки европски стандарди,  дигиталната технологија во процесот на учење, соработка со бизнис-секторот за стекнување стручна подготовка, професионален академски кадар, современи услови за студирање, ова се само дел од придобивките за студентите кои студираат на Универзитетот Скопје.



**Доц. д-р Ангела Миленковска-Климоска, м-р Љупчо Миленковски и доц. д-р Викторија Трајков, промотерскиот тим на Универзитетот Скопје низ средните училита во нашата земја.**

Студентите кои студираат или кои веќе го завршиле своето образование на Универзитетот Скопје се децидни дека постојат многубројни причини поради кои го избрале токму овој Универзитет. Тие, како позитивен пример ја наведуваат методологијата на студирање базирана на кредит-трансфер системот, која овозможува меѓународно етаблирање и учество во програмата Еразмус плус.

Според студентите, Универзитетот Скопје ги следи и ги применува највисоките стандарди за студирање и обезбедува најсовремени услови, софистицирана дигитална поддршка, како и достапност до информации и услуги кои им се потребни на студентите.

Според нив, методологијата на студирање што се применува на Универзитетот и квалитетниот наставен кадар се клучните елементи што му даваат предност пред другите универзитети, како и секојдневната комуникација со професорите и со асистентите.

Студентите се задоволни и од наставниот кадар, кој за време на предавањата, покрај презентирање информации за научната теорија од соодветната област, нудат и апликативни примери, а покрај редовните професори, има и предавања од експерти од најразлични стручни области.

Но, со цел идните студенти детално и на самото место да се запознаат со бенефитите кои ги нуди Универзитетот, тим од професори и асистенти во текот на целата година реализираат промотивни активности во средните училишта низ земјава за да се информираат сите средношколци кои се предностите за студирање на Универзитетот Скопје.



Доц. д-р Викторија Трајков во интеракција со матурантите од Средното медицинско училиште „Ѓорче Петров“ од Прилеп.

Од Универзитетот велат дека интересот на средношколците за упис на некои од факултетите е огромен, затоа што идните генерации имаат визија за својата иднина и точно знаат како и каде да го препознаат квалитетното студирање.

**„Во принцип, идните генерации на оваа држава точно знаат што сакаат, имаат визија за својата иднина и знаат добро да се насочат без многу сугестии од страна. Секој од нив е заинтересиран за квалитетно високо образование, за меѓународно призната диплома, но и за практична работа, а не само теорија. На Универзитетот „Скопје“, ние го нудиме токму тоа: висококвалитетна настава, меѓународно призната диплома, платена практична работа, и одлични услови за студирање и доста научно-наставни практикуми надвор од нашата земја“**, вели доц. д-р Викторија Трајков.

Во речиси сите средни училишта досега се реализирани кампањи, како дел од Караванот за промоција на условите за студирање, со цел средношколците одблизу да се запознаат со условите кои ги нуди Универзитетот, како и да добијат одговори на сите дилеми кои ги имаат околу студирањето.

**„Ги посетивме речиси сите средни училишта во државата. Од север до југ и од запад до исток на нашата татковина. Одлично искуство и прекрасни идни генерации кои носат нова надеж за оваа земја“**, објаснува доц. д-р Ангела Миленковска-Климоска.

Ги прашавме: зошто да се избере токму Универзитетот „Скопје“? – Ни одговорија: затоа што се вбројува во друштво на најпознатите европски универзитети.

**„Универзитетот Скопје е високо образовна институција каде што можете да студирате по светски стандарди, Универзитетот Скопје е наградуван со сертификати за**




М-р Љупчо Миленковски и доц. д-р Ангела Миленковска-Климоска ја објаснуваат методологијата на Универзитетот Скопје во АСУЦ „Боро Петрушевски“ од Скопје.

**лидерство во високото образование, Универзитетот Скопје поседува диплома за квалитет каква што е TedQual, доделена од Светската туристичка организација. Универзитет Скопје е членка на Светската туристичка организација (UNWTO), што нѐ вбројува во друштво на најпознатите светски универзитети. Универзитет Скопје е универзитет кој нуди многу, постојано се надоградува и осовременува, а со тоа нашите студенти имаат можност да бидат во чекор со светските трендови“**, велат од Караванот за промоција на условите за студирање.

Преку ваквите промоции студентите на самото место можат да добијат детални информации за факултетите, велат од Универзитетот, а тоа директно влијае врз зголемување на бројот на запишани студенти од година во година.

**„Секој сака да види кај кого ќе учи, со што располагаме ние како Универзитет, сака директно да се информира за условите и за начинот на студирање. Често ни се случува да имаме директен контакт и со родителите на учениците, бидејќи на крајот на денот тие им се најголемата поддршка за секој иден нивни план“**, вели м-р Љупчо Миленковски од Универзитетот Скопје.

За секој од шесте факултети на Универзитетот има подеднаков интерес за студирање, а една од новините е воведувањето на Факултетот за општествени науки.

**„Нашите студиски програми на сите шест факултети се еднакво атрактивни. Програмите се така конципирани што секој може да си го најде своето место, но и да ужива во текот на студирањето. Тоа уживање би значело со задоволство да се учи и да се усовршува своето знаење, без многу тешкотии, бидејќи вистинското имплементирање на ЕКТС-системот, како што е кај нас, го нуди токму тоа. Учениците се најчесто заинтересирани за Факултетот за информатика и Факултетот за менаџмент**

**на човечки ресурси, но подеднакво и за Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент, Факултетот за туризам и за Економскиот факултет. Една од новините која ја воведуваме е Факултетот за општествени науки со насока меѓународни односи и дипломатија, кој ќе започне со работа од следната академска година“**, информира доц. д-р Миленковска-Климоска.

Големо влијание за зголемен интерес за упис на Универзитетот се токму меѓународно признатите дипломи со кои идните академски граѓани можат да работат за компании надвор од Македонија.

**„Секој сака да вложи во себе, но и да го валоризира својот труд со диплома која е меѓународно призната, како и да биде конкурентен на секој пазар каде и да се појави. За тоа колку е атрактивна нашата диплома зборуваат многуте примери на наши алумни-студенти кои работат за светски познати компании“**, вели м-р Миленковски од Универзитетот Скопје.

Посебно внимание Универзитетот посветува на поврзување на студентите со бизнис-секторот со цел креирање квалитетен кадар кој ќе придонесе Македонија да стане подобро место за живеење.

**„Како Универзитет особено му посветуваме внимание на овој сегмент бидејќи сметаме дека само поврзувањето на нашите студенти со бизнис-секторот и со меѓународната заедница може да придонесе тие да бидат атрактивни на меѓународниот пазар, но и да собираат информации и искуства за да ги применат во нашата татковина. Нашата цел како Универзитет е токму таа – квалитетен кадар кој ќе придонесе Македонија да стане подобро место за живеење. Организираме два пати месечно гостински предавања на предавачи кои се истакнати во своите професии од бизнис-секторот, на амбасадори и конзули акредитирани во Македонија, но и на нашите дипломатски претставници кои се акредитирани надвор од Македонија“**, вели доц. д-р Трајков.

М-р Љупчо Миленковски на матурантите од СУГС „Георги Димитров“ од Скопје им ги презентира предностите на меѓународно признатата диплома која студентите ја добиваат по дипломирање на УТМС.




UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# КОЛУМНА

**Пишува: проф. д-р Сашо Кожухаров, декан на Економскиот факултет на Универзитет Скопје**



# МЕНАЏЕРСКАТА ЕКОНОМИЈА И МОЖНОСТИТЕ ЗА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА МЕЗОЕКОНОМИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Националната економија во Македонија е базирана на основните ресурсно и увознички ориентирани стопанства со високо зависно мезоекономско влијание. Мезоекономските интерконекции се дотолку условени што постојат четиринаесет мезоекономии: индустрија, рударство, енергетика, земјоделство, фармацевтика, банкарство, осигурување, здравство, образование и други, кои со своите меѓусебни специфични карактеристики силно се испреплетуваат. Многу е интересен фактот што во современите услови на стопанисување, особено во развиените економии, правдата како елемент на успешно раководење во голема мера придонесува компаниите да добијат позитивна слика во очите на опсерваторот односно комуникаторот. Непосредните негативни реперкусии кои би се појавиле, независно дали во однос на дистрибутивната правда или на дискриминацијата, влијаат недоволно ефикасно врз соодветниот развој или на комуникативниот спој со потенцијалните комуникатори, кои би имале намера на создавање на позитивната соработка со компанијата.



Проф. д-р Сашо Кожухаров, декан на Економскиот факултет на Универзитетот Скопје.





Начелото на дистрибутивна (мезоекономска) правда е условено со покачување на платата, унапредувањата, називите на работните места, работниот простор, задачите на самите работни места, како и со останатите ресурсни организациски можности меѓу членовите на организацијата на коректен и на праведен бизнис-начин.

Распоредувањето на овие ресурси треба да се заснова врз реалните придонеси кои поединците ги оствариле или ги остваруваат, како што се времето, напорите, образованието, вештините и компетенциите, способноста, трудољубивоста, а не на ирелевантните лични карактеристики врз кои е неможно да се има контрола, како што се полот, расата или возраста. Менаџерите имаат обврска да обезбедат дистрибутивна менаџерска правда во соодветната организациона поставеност.

Дали дистрибутивната менаџерската правда е вообичаена во организациите во нашата држава? Пред повеќе години, за разлика од денес, организациите сè повеќе се доближуваат до идеалниот начин на дистрибуирање на правдата. Статистиката која го споредува третирањето на жените и другите групи со третирањето на мажите покажува дека повеќето менаџери го заземаат приодот на проактивност за да постигнат дистрибутивна менаџерска правда во организацијата. Дефинитивно, ефективното справување со разновидноста е вистинскиот пат за остварување на организационо-профитабилен бизнис. Менаџерската економија е целосна и сеопфатна научна дисциплина, која не изискува некои особени претходни познавања од микроекономијата. Менаџерската економија не се задржува единствено на поткрепувањето на својата иманентност и супериорност над класичната економика на претпријатието, која е само нејзин дел, туку таа мора да го концпира најсложениот когнитивен сегмент на

менаџерот: согледување на идниот, поблизок или подалечен амбиент во кој ќе се одвива донесената одлука во функција и со цел остварување профит.

Во современите услови на стопанисување, улогата на менаџерите во фирмите, непрофитните институции и во државните установи, станува сè позначајна, а барањата за унапредување на искористувањето на расположливите ресурси во сите видови организации станаа сè потранспарентни. Информациската ера на средината на деведесеттите години од минатиот век им создаде на менаџерите преоптоварување со информации, што доведе до парализирање на интуитивните анализи во донесувањето на одлуките. Динамичните промени во економското опкружување доведоа до отежнување на процените на понудата и на побарувачката на пазарот, со што се потенцираше уште повеќе навременото и ефикасното подготвување, донесување и реализација на круцијалните извршни решенија на менаџментот. Во нашиот концепт, менаџерот е поставен за да ја овозможи интеграцијата на сметководствената, финансиската, маркетиншката, кадровската и производната функција преку детерминирање на организационата структура на фирмата. Со оглед дека процесот на донесување менаџерски одлуки бара комплетно разбирање на економските и на статистичките односи, базичен е делот на економските релации, статистички концепции, како и техниките на оптимизација на одлуките. Анализата на трошоците и на производството се потенцирани со цел дефинитивно разбирање на менаџерските аспекти на економичната употреба, трансформација и алокација на факторите на работењето и степените на вработеност на фирмата. Планирањето на инвестициите и вложувањата во нови индустриски претпријатија е искористено како реален метод за примена на маргиналистичките анализи во долгорочното и стратешкото планирање и контрола не само за фирмата, туку и за потенцирање на виталната улога за општеството како целина, со оглед дека менаџерските одлуки за инвестиционите вложувања придонесуваат кон алокација на функционалната употреба на изворите на финансирање и на приватниот и на државниот капитал. Микроекономијата се состои од студирање и анализирање на однесувањето на поединечните сегменти на економијата, како што се: индивидуалните потрошувачи, работниците и сопствениците на капиталот, индивидуалните фирми и пазари за стоки и услуги, како фирмите вршат утврдување на продажните цени, обемот на производството, пропагандните активности, истражувањето и развојот и како се донесуваат инвестициони одлуки. Иако економската теорија не е единствениот инструмент кој се користи од страна на успешните менаџери, таа е сепак многу битна и има силно влијание врз донесувањето и реализирањето на нивните одлуки, со кои ги постигнуваат целите на постоењето на фирмата, најчесто максимизирање на профитот. Профитабилните решенија бараат од луѓето да разберат како функционира реалниот свет, што често е премногу комплицирано за поимање без да се врши упростување и генерализација од теоријата, која им овозможува да навлезат во комплицираните проблеми употребувајќи симплифицирани претпоставки со цел намалување на конфузијата. Апстрахирајќи го неважното, менаџерите, употребувајќи го економскиот начин на размислување за деловните промени, вршат предвидувања и објаснувања, кои се валидни во реалното деловно опкружување. Употребната вредност на менаџерската економија лежи во креирањето економски модели и анализи за создавање логистичка рамка која ќе се употреби при карактеризирањето и предвидувањето на менаџерското искуство во практиката. Менаџерската економија

е, исто така, и мезоекономска наука, бидејќи нејзиниот дострел се огледа и во поврзаноста на претпријатието со стопанската гранка, областа, односно индустријата во која ја одвива својата активност, и тоа со компарација и надминување на своите евентуални неекономични и непрофитабилни состојби и движења во рамките на создадените економски структурни и организациони односи.

Планирањето на инвестициите и вложувањата во нови индустриски претпријатија е искористено како реален метод за примена на маргиналистичките анализи во долгорочното и стратешкото планирање и контрола не само за фирмата, туку и за потенцирање на виталната улога за општеството како целина, со оглед дека менаџерските одлуки за инвестиционите вложувања придонесуваат кон алокација на функционалната употреба на изворите на финансирање и на приватниот и на државниот капитал.

## ПРИРОДАТА И КАРАКТЕРОТ НА МЕНАЏЕРСКАТА ЕТИКА

Менаџерската етика се претставува во односот на менаџментот кон фирмата што ја води, како и кон сопствениците (акционерите). Во рамките на менаџерската етика, пред сè, лежи лојалноста и реалноста на вреднувањето на учеството на вештините на менаџерот во однос на остварувањето на профитот на фирмата. Многу често менаџерите се однесуваат неумерено и нелојално, трошејќи големи обем на неодобрени средства на сопствениците, или злоупотребувајќи ја својата позиција на врвно одлучување во функција на задоволување на своите потреби, кои не биле дефинирани со договорите за водење на фирмите.

Анализата на употребата на една едноставна, а сепак моќна метода за пронаоѓање оптимално ниво на бизнис-активности или кој било вид активност всушност претставува аналитичка техника која економистите ја нарекуваат „маргинална анализа“. Таа ја формира основата на теориите за максимален профит, производство, набавката на факторите за производство, асортиманот на продажбата, вклучувајќи го дури и однесувањето на потрошувачите. Зад употребувањето на маргиналните анализи во бизнис-одлуките стои идејата дека менаџерот при разгледувањето на одредена деловна активност треба повеќе или помалку да ја приспособи активноста кон реалните можности за да постигне најдобар резултат.

Менаџерот треба да процени како ќе влијае промената на бизнис-активноста врз добивката, но и врз трошоците на фирмата што произлегуваат од реализирањето на активноста. Ако промената на нивото на бизнис-активноста предизвика поголемо зголемување на добивката во споредба со зголемувањето на трошоците или алтернативно, поголемо опаѓање на трошоците од опаѓањето на добивката, тогаш нето добивката што фирмата ја добива од активноста ќе се зголеми. Под вакви околности менаџерите ќе продолжат со приспособување на нивото на активноста сè додека нето-добивката е остварлива, што значи активноста ја достигнала оптималната вредност или ниво.

Ова резонирање ја формира фундаменталната логика за донесување оптимални одлуки. Разбирањето на оваа логика, на менаџерите им овозможува да донесат добри одлуки, а во исто време да избегнат некои вообичаени типови на грешки при донесување бизнис-одлуки.





# ПАТИШТА ВО МАКЕДОНИЈА – СКАНДАЛОЗНИ ДОГОВОРИ, БАВНА ИЗГРАДБА И НЕЗАДОВОЛНИ ГРАЃАНИ

Во најмала мера сомнителен, во најголема криминален – скандалозниот договор со американско-турскиот конзорциум „Бехтел и Енка“ ја отвори пандорината кутија. Откако беше посочено дека ќе се потрошат една милијарда и триста милиони евра за изградба на неколку автопатишта низ земјава по должина на коридорите 8 и 10, многумина почнаа да поставуваат прашања. На кој начин биле избрани токму договорените патишта да бидат реконструирани или изградени? Дали биле до толку приоритет или, пак, зад овој процес се кријат корупттивни бизнис-интереси? Граѓаните во голема мера се незадоволни од квалитетот на патиштата во земјава. Дополнително, тие бавно се обновуваат. Сепак, парите од патарините кои секоја година се собираат се сè поголеми, а давачките за граѓаните повисоки. Се вложуваат ли парите од патарините на вистинските места и каква е моменталната состојба на патиштата во Македонија?




**Поставување камен-темелник на Корисодр 8.**
*Извор: JPDP*

Силна градежна офанзива, изградба на модерна, квалитетна и безбедна патна инфраструктура – ова се ветувањата на сите влади што досега донесуваа економски одлуки во земјава. Граѓаните се надеваа, бизнисмените алармираа изградбата да се одвива брзо за да се забрза и за да се олесни транспортот на стоки. И покрај напорите, ефектите беа минимални. Реализацијата на капиталните инвестиции во делот на патничкото и на железничко поврзување со соседните држави тапкаше во место. Надлежните се правдаа, а предвидените пари речиси секогаш и без исклучок беа пренаменувани за други проекти, како, на пример, повисоки плати за администрацијата или примања за пензионерите.

## „БЕХТЕЛ И ЕНКА“

Во последниве пет години, единствените посериозни завршени инвестиции во патничката инфраструктура се автопатските делници Демир Капија – Смоквица и Миладиновци – Штип, како и експресниот пат Штип – Радовиш. Други поголеми и позначајни проекти нема. Токму затоа, кога беше соопштено дека со американско-турската групација се склучил договор за изградба на неколку делници, надежта проработе. Сепак, луѓето беа скептични. Наместо на тендер, фирмата беше одбрана одеднаш преку преговори. Владата објави дека се преговарало две години. Изборот на фирми и склучувањето договори во четири очи е редовна практика во Македонија, која најчесто упатува на бројни доцнења во изградбата, напуштање на проектите од страна на инвеститорите, сомнежи за високи провизии и корупција и дефинитивно неквалитетна градба.



**Потпишување договор со „Бехтел и Енка“.**
*Извор: ЈПДП*

Особено внимание привлече инсистирањето на Владата да се променат неколку законски решенија во корист исклучиво на „Бехтел и Енка“. Кон средината на месецов, Собранието сè уште ги нема донесено и усвоено овие измени, а претседателот на државата, Стево Пендаровски, истакна дека дури и да се случи тоа, тој нема да ги потпише указите за нивна правосилност. Откако претходно опозицијата го кочеше усвојувањето на овие законски решенија алармирајќи дека се работи за крајно штетни и финансиски неисплатливи договори со американската компанија, Владата, и покрај критиките, „ги протна“ со европско знаменце за да ја забрза процедурата и што побрзо да ја „израдува“ компанијата „Бехтел и Енка“ за да почне побрзо да гради.

Премиерот Димитар Ковачевски порача дека непотребно се создава хистерија. Вкупната должина на делниците опфатени со овие коридори била речиси 110 километри, а ако се знаело дека во изминатите децении во земјата биле изградени 186 километри патишта, со овој договор за пет години ќе биле изградени 110 километри, што било голема разлика и прогрес во делот на нискоградбата.

## СОМНИТЕЛЕН ДОГОВОР

И додека законите за „Бехтел и Енка“ се туркаат насила, надвор од сите процедури, на синдикатите во очи им падна одредбата да се работи повеќе од 60 часа, исклучиво за работниците на овие делници и тоа во недела, кој во земјава важи за неработен ден. Синдикатите реагираа дека повторно во игра се враќа експлоатацијата на работниците. Власта, пак, коментираше дека ниту едно од овие обвинувања не е точно. Во законот никаде не фигурирало дека работниците ќе работат 60 или 72 часа неделно. Обвини дека опозицијата само ги заплашува луѓето. Законот предвидувал дека само со писмена согласност работниците ќе може да работат прекувремено. Сепак, опозицијата се пожали дека Договорот со „Бехтел и Енка“ не требал да биде таен туку достапен за јавноста и дека државата потпишала и се обврзала да плати над 50 милиони евра само за пенали ако не се овозможи навреме продолжување и прекувремена работа и до 60 часа неделно.

Скандалозен беше и изборот на подизведувачите и на надзорот. Медиумите и опозицијата изразија сомнежи во врска со кредибилитетот на фирмите-консултанти. Од четири фирми, три се спорни според медиумите. Фирмата „Електра солушн“, која доби најголем дел од тендерот за надзор над градежните работи на „Бехтел и Енка“, иако до неодамна произведувала долна облека, само еден ден откако ја добила лиценцата за



**Владата уверува дека во договорот со „Бехтел и Енка“ нема ништо спорно.**
*Извор: ЈПДП*

надзор, добила грант од Фондот за иновации од 65.000 евра за проект „Дигитално решение за управување со градежни проекти“.

Спорна беше и „Ептиса“. Опозицијата обвини дека се работи за скандалозна фирма со кинески капитал и со ангажирано лице што е македонски државјанин гонет за криминал во Ерменија. Елементи на корупција се најдоа и во предвидените превисоки хонорари за луѓето кои ќе бидат ангажирани на проектот. Хонорарите и десеткратно ги надминуваат вкупните суми кои професионалци поединечно ги земаат работејќи во приватни компании во Македонија.

И покрај сè, извесно е дека на ваков или онаков начин, сите препреки ќе бидат прескокнати, а проектите ќе се реализираат. Завршувањето е предвидено за 5 години. Американско-турскиот конзорциум ќе наплаќа по 20 милиони евра за еден километар изграден автопат.

Со договорот се опфатени автопатските делници на Коридорот 8: Требеништа – Струга – Ќафасан (22,5 километри) Гостивар – Букојчани (30,1 километар), Тетово – Гостивар (над 17 километри) и на делницата Прилеп – Битола (40 километри) од Коридорот 10-д.

Во каква состојба се патиштата кои ќе ги реконструира компанијата „Бехтел и Енка“?

**Надзорот на патиштата - трн во око на јавноста.**
*Извор: ЈПДП*





**Санација на патот Струга - Ќафасан.**
*Извор: ЈПДП*

## Струга – Ќафасан

Магистралата Струга – Ќафасан се наоѓа во многу лоша состојба. Патот е небезбеден, полн со пукнатини, дупки и нерамнини. Додека соседна Албанија на големо инвестира во обнова на патиштата кон границата со Македонија, со нас тоа не е случај. Честите сообраќајни несреќи и оштетувања на автомобилите, како и отежнатиот транспорт на стоки преку овој премин ги револтира граѓаните.

Стружани неколку пати организираа и протести за реконструкција на делницата. Фреквенцијата на возила на овој патен правец е голема, особено во текот на летната сезона, но возењето е целосно небезбедно.

Моментално се врши санација на овој магистрален пат. Рехабилитацијата, како што соопшти Министерството за транспорт и врски, се реализира во должина од 19,3 километри, на потег од кружниот тек Подмолје до граничниот премин Ќафасан. Според информацијата, предвидена е целосна рехабилитација на патниот правец со поставување нов асфалт, инвестиција вредна осум милиони евра. До есен треба да заврши реконструкцијата на оваа делница. „Бехтел и Енка“ треба да го претворат овој правец во автопатски со најсовремени сообраќајни безбедносни решенија.

## Прилеп – Битола

Автопат наречен желба. Со години се дебатираше дали треба оваа делница да биде автопатска или пак да се сведе само на експресен пат. Експресниот е далеку поевтин од автопатот, но сепак, патот Прилеп – Битола се наоѓа на кракот Д од паневропскиот Коридор 10, кој завршува во грчкото пристаниште Игуменица и заслужува автопатско решение.

Договорот со „Бехтел и Енка“ е трета среќа, по два пропаднати обида за негова реконструкција. Станува збор за делница долга 39,3 километри, која ќе се гради 57 месеци. Според Владата, просечната цена по изграден километар ќе чини 12 милиони евра, односно вкупната сума за автопатот Прилеп – Битола би била околу 472 милиони евра.



**Поврзувањето на Прилеп и Битола ќе стане автопатско.**
*Извор: маркукуле.мк*



**Закрпени дупки на патот Тетово - Гостивар.**
*Извор: Слободен печат*

## Тетово – Гостивар – Кичево

Девет од десетте најфреквентни патишта во земјава се изградени како автопати, а најмногу возила се регистрирани на автопатот Тетово – Гостивар. Според податоците на Јавното претпријатие за државни патишта, бројот на регистрирани возила на дневна основа на автопатот Тетово – Гостивар изнесувал 16.300 возила.

Патот Тетово – Гостивар тешко се санира, а неодржувањето резултирало со лоша состојба на коловозните ленти. Тој е експресен пат, кој треба да се реконструира и да се прошири како вистински автопат. Иако изграден пред 20-ина години, на него се наплаќаат две патарини, но е во лоша состојба. Патот има четири коловозни ленти и дупки по речиси целата должина. На места има длабоки траги на коловозот. Овој проблем особено доаѓа до израз кога има обилни дождови бидејќи возилата тешко возат по водата што се насобира во нив.

Власта тврди дека оваа делница треба да премине во автопатска бидејќи фреквенцијата на возила е преголема, особено во летните месеци, кога сите патуваат до и кон Охрид. Токму лете патот е претесен, метежот преголем и колоните возила предолги. Патот Тетово – Гостивар има значење и за создавањето на паневропските патни коридори за поврзување со оглед дека е дел од Коридорот 8, правец кој ги спојува Јадранското Море од Драч и Црното Море кај Варна.

## 58 МИЛИОНИ ЕВРА САМО ЗА КАМАТИ И ЗА ПРОВИЗИИ

Се земале кредити, се зголемиле трошоците, а патиштата и пругите никаде ги нема. Ова лани го констатираше државната ревизија по анализата на 11 инфраструктурни проекти. Ревизорите утврдиле дека државата енормно се задолжила за да ги заврши, искористила дел од парите, а сликата на терен покажува или застој или бавна динамика на градење. За разни камати, провизии и казни за неповлечени средства се потрошиле дури 58 милиони евра.

Убедливо најпоразувачки се податоците за изградбата на автопатот Кичево – Охрид. И по 5 анекси на основниот договор, сумата само пораснала, роковите биле продолжени, а на изградбата не ѝ се гледа крајот. За негово завршување, беа позајмени 685 милиони долари, а притоа биле направени разни трошоци од дури 38,6 милиони долари.

Втора со најкатастрофална реализација е Програмата за национални патишта. За да се подобри патната инфраструктура, биле позајмени 180 милиони евра, од кои се повлечени 90 милиони, а направените трошоци се 7 милиони евра. Најголем дел од патиштата кои се реализираат преку ЈП за државни патишта, се почнати во периодот 2014 – 2016 година, но ревизорите утврдиле дека компанијата нема доволно средства, што доведува до неизвесност на изградбата.

# БАВНО СЕ ГРАДАТ И ДРУГИТЕ ПАТИШТА, ВАЖНО ПАТАРИНИ СЕ НАПЛАТУВААТ

Не се само четирите патни правци на „Бехтел и Енка“ кои „плачат“ за реновирање и за проширување. За автопатската делница Кичево – Охрид, која стана веќе историски најдолго градена, сѐ уште се зборува и се ветува кога ќе се заврши, а граѓаните стравуваат колку воопшто ќе биде квалитетен и безбеден сообраќајот по неа, по сите направени пропусти и одолговлекувања.

Она што е важно е дека патарините рушат рекорди, но парите од нив каде и како се вложуваат е многу дискутабилно прашање.

Низ патарините на Коридорите 8 и 10 лани транзитирале 52 милиони возила, при што е остварен вкупен приход од 53 милиони евра, што претставува зголемување за 15 проценти. Граѓаните сѐ уште го преферираат плаќањето во готово со нешто над 55 проценти, но во подем е и електронската наплата, која учествува со околу 30 проценти во вкупната наплата, додека безготовинското плаќање со платежни картички е околу 15 проценти.

„Споредбено по години, бројките се движеле во нагорна линија, па така во 2019 година, остварен е вкупен промет од 43.607.588 евра, во 2020 година, во услови на пандемија и намален сообраќај, забележавме промет од 34.029.562 евра, во 2021 година, од 46.401.122 евра. И оваа, 2023 година проекциите се движат во нагорна линија, па очекуваме приход од околу 56 милиони евра“, изјави неодамна директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Ејуп Рустеми.

На новите патарини, Преод и Кадрифаково на патниот правец Миладиновци – Свети Николе – Штип, кои беа пуштени во минатото лето, наплатата изнесува 85.599.333 денари, односно 72.861.770 денари.

Најмногу пари се собрале на патарината Романовце, каде што остварениот промет изнесува 400.174.788,00 денари. Од наплатата на патарината на Миладиновци се инкасирани 266.361.767 денари, Глумово 258.299.622, Градско 248.125.247 денари, Желино 244.476.653 денари, Гевгелија 236.866.875 денари, Петровец 205.967.358 денари, Тетово 201.158.821 денари, Сопот 195.984.192 денари, Отовица 188.054.352 денари, Демир Капија 172.813.622 денари и Гостивар 164.536.337 денари.



Рекордна наплата на патарини.

THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation
certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for **three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy



Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар.



# ПИСАТЕЛИ, ПОЕТИ, УМЕТНИЦИ – ОПШТИНА ЦЕНТАР Е ДОМ НА МНОГУ КУЛТУРНИ ДЕЈЦИ

„Центарот на градот е секогаш најпосетениот дел како од странски, така и од домашни гости. Во Центар се лоцирани речиси сите државни институции, имаме изобилство од музеи, ресторани, локали, театри, концертни сали и навистина имаме со што да се пофалиме пред странските гости. Наша обврска е да им овозможиме на гостите квалитетна инфраструктура, чисти и проодни улици и функционална урбана опрема, канти за отпадоци, клупи, улично осветлување", вели градоначалникот на општина Центар, Горан Герасимовски, во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент. За него, културата е важен сегмент во работење и се труди да ја подигне на едно ново, повисоко локално ниво. „Од Општина Центар потекнуваат многу културни дејци, многу писатели, поети, глумци, ликовни и улични уметници, од кои голем дел од своето творештво го врзуваат токму со Центар, а ние тоа секогаш го почитуваме", вели Герасимовски. Првиот човек на Центар, покрај во образованието, вложува и во спортот. Ги поттикнува младите да спортуваат, а и тој самиот е пример бидејќи, како што вели, велосипедот го користи во секоја пригода.

# МОЈА ОПШТИНА

## ИНТЕРВЈУ СО ГОРАН ГЕРАСИМОВСКИ

### *Градоначалник на Општина Центар*



**Еден од најгорливите проблеми на речиси секоја општина во Македонија се дивоградбите. Вие поднесовте до ЗЕЛС иницијатива за конфискација на сите нелегални објекти наместо уривање. До каде е оваа идеја и постапка?**

Најпрво, дозволете да Ви се заблагодарам за интересот и можноста да подискутираме за мојата, за нашата работа во Општина Центар. Иницијативата за изнаоѓање законско решение за конфискација на бесправно изградените објекти и нивна реупотреба е една добра и корисна алатка што има за цел да го подобри начинот на решавањето и на справувањето со овие објекти. Целта на оваа иницијатива е да најде и да произведе решение, да даде можност да се конфискуваат бесправно изградените објекти и да се пренаменат во функција на општината. Преку оваа иницијатива сакаме да интервенираме во две законски решенија: Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривичната и во прекршочна постапка. Иницијативата ја претставив пред Управниот одбор на ЗЕЛС, од каде што добив голема поддршка затоа што речиси сите градоначалници се соочуваат со исти или со слични проблеми. Ја претставив и пред министрите за правда и транспорт и врски, Кренар Лога и Благој Бочварски, каде што исто така наидов на поддршка, па добивме гаранции дека дел од иницијативата ќе биде вметната во новите законски решенија што се во подготовка. Воедно, на мој предлог, ЗЕЛС формираше посебна комисија, која ќе работи на целосна имплементација на иницијативата во новите законски решенија. Членовите на комисијата во состав од пет градоначалници, кои се истовремено членови на УО на ЗЕЛС, тимови од општините и од министерствата за правда и за транспорт и врски, во периодот што претстои ќе работат заедно за да се внесе оваа иницијатива во новите закони.

**Улицата ,,Пластичарска“ беше прва на листата за уривање на дивоградбите, но Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ѝ ги одзеде ингеренциите на општината. До каде е оваа постапка и дали општината има некаква надлежност за уривање на оваа дивоградба?**

За таа локација и состојбите таму во јавноста сум разговарал повеќе пати. Издадено е решение за отстранување на објектот, досега имавме два обиди за административно да го отстраниме, но од објективни причини, акциите потфрлуваа. Пред извесно време Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам го презеде предметот и во

моментов предметот е на увид кај нив. Кога ќе заврши надзорот од нивна страна, ќе знаеме точно која е фактичката состојба и како ќе постапиме понатаму.

**Градбите на Водно беа трн во око на македонската јавност долго време. Што се случува со Водно во моментов? Дали во вашиот мандат можете да спречите нови градби во овој дел од градот?**

Уставниот суд, поради непочитување на постапката за донесување во 2014 година, го укина ДУП-от Ј 07, кој обработува голем дел од површината на подножјето на планината Водно. Запознаени сме со тоа што се случува, го следиме развојот на настаните и чекаме да се расчисти конечно ситуацијата за да ги дознаеме следните чекори во врска со ова подрачје. Вршиме редовни контроли, инспекциите се на терен, а на моја иницијатива, формирав дополнителна стручна комисија за урбанизам која има за цел на терен да проверува дали инвеститорите градат во согласност со издадените одобренија. Проблемите со Водно се наследени, некои од нив се стари и десетици години и навистина се трудиме да ги решиме не нанесувајќи штета ниту на околината ниту пак на граѓаните. Пред одлуката на Уставниот суд, Советот донесе одлука за стопирање на градежните активности на оние осум популарни парцели на Водно. Дадов збор дека додека сум јас градоначалник, таму нема да се гради и немам намера да отстапам од тоа.

**Општина Центар неодамна го доби второто општинско јавно претпријатие „Енергија Центар“ наменето за продажба и производство на енергија од обновливи извори. Кажете ни нешто повеќе за овој проект?**

„Енергија Центар“ е првото вакво општинско јавно претпријатие за производство и продажба на струја. Преку „Енергија Центар“ ќе се врши набавката и инсталацијата на фотоволтаични системи на сите основни училишта, детски градинки и останати објекти во надлежност на Општина Центар. Со овој чекор, училиштата и градинките ќе имаат можност да произведуваат струја за свои потреби, а вишокот преку претпријатието да се продава на отворениот пазар за струја. Општината преку „Енергија Центар“ ќе инсталира централи со вкупна максимална инсталирана моќност од 2,44 мегавати, вкупната инвестиција за инсталирање би изнесувала околу 1.755.000 евра, а пресметаниот период за поврат на инвестиција е околу 4,5 години. Задоволство ми е да кажам дека ова е првиот чекор на Општина Центар кон целосна енергетска независност и кон промовирање во прва енергетски независна општина во државата.

**Колку е доволен општинскиот буџет да се инвестира во образованието и во објектите ако се земе предвид дека секоја година се бара место повеќе и во градинките и во училиштата?**

Навистина се грижиме нашите деца и ученици да ги имаат најдобрите услови за правилен развој. Секојдневно инвестираме во училиштата и имаме навистина многу активности во тој дел. Редовно се одржуваат училишните дворови, детските игралишта, но и самите училишта, затоа што дел од нив се навистина стари и имаат потреба од реконструкции. Во тек е изградбата на првата детска градинка во населба „Пролет“, реконструиран е покривот и поставена е енергетски ефикасна фасада на детската градинка на објектот „Јасмин“ на детската градинка „13 Ноември“, а во континуитет инвестираме и во останатите детски градинки и основни училишта. Вложуваме и во воспитно-наставниот кадар, се трудиме секогаш нашите деца да го добиваат најдоброто образование и нашите училишта да бидат пример за сите општини во земјата. Тоа се инвестиции кои се сигурни и преку тие инвестиции, вложуваме и во нашата иднина.

**Општината им помага и парично на граѓаните во повеќе сегменти. Покрај тоа што доделувате финансиски средства за новороденчиња, направивте и измени во Правилникот со што право на парични средства ќе имаат поголем број граѓани, но и самохраните родители. За што друго одвојувате финансии од општинскиот буџет за да им помогнете на жителите на вашата Општина?**

Дозволете да дополнам само дека Општина Центар дава 7000 денари за секое новороденче, која е една од највисоките суми од сите општини во државата, а тековно имаме и проекти кои ги засегнуваат сите социјално ранливи групи. Она што го ветив во предизборието, го остварив и пензионерите во Центар добија 3 нови пензионерски клубови. Им помагаме и на нашите сограѓани кои живеат во социјално загрозени семејства со пакети со храна и основни хигиенски производи, кои исто ги доставуваме и до малите групни домови и до згрижувачки семејства на деца без родители во Општина Центар. За сите првачиња обезбедивме бесплатни стоматолошки и офталмолошки прегледи, но и училишни ранци со прибори за безгрижен почеток на учебната година. Во функција е и сервисот „Нега на стари лица во домашни услови“, со кој 90 пензионери во Општина Центар добиваат 3 пати по 2 часа домашна нега од стручни лица. Тука е КСП „Јадро“, функционира и младинскиот центар „Матично“, на кој сме особено горди. Задоволство ми е да кажам дека навистина има голем интерес за користење на овие два простори. Севкупно, се трудиме да помогнеме секаде онаму каде што можеме и морам да кажам дека сум задоволен од постигнатото досега. Ние продолжуваме понатаму, затоа што сметам дека секогаш можеме подобро.

**Како се обидувате да ги задржите туристите во центарот на Скопје, особено бидејќи секојпат тој е прв на листата при посета на странски гости во една метропола?**

Центарот на градот е секогаш најпосетениот дел како од странски, така и од домашни гости. Во Центар се лоцирани речиси сите државни институции, имаме изобилство на музеи, ресторани, локали, театри, концертни сали и навистина имаме со што да се пофалиме пред странските гости. Наша обврска е да им овозможиме на гостите квалитетна инфраструктура, чисти и проодни улици и функционална урбана опрема, канти за отпадоци, клупи, улично осветлување. Ги детектираме оние улици кои се оштетени, предвидуваме нивни реконструкции во нашите програми и ги реконструираме. Секојдневно вршиме замена на оштетената урбана опрема, поставуваме безбедносни столпчиња на критичните точки на улиците и редовно го одржуваме зеленилото кое е во наша надлежност. Голем дел од уличното осветлување е веќе обновено со ЛЕД-светилки кои се енергетски ефикасни. Наша цел, освен подобрувањето на секојдневието на нашите жители, е и да им оставиме добар впечаток и на гостите и на туристите од странство.

**Скопското Кале е еден од објектите на културното наследство што официјално се под Општина Центар иако ингеренциите за владеење се кај Министерството за култура. Дали може да ни кажете што се случува со овој симбол на нашата држава и кога ќе биде повторно отворен за посетители? Ќе го врати ли својот сјај?**

Калето е еден од симболите на Општина Центар, но и обележје на градот Скопје. За делот околу тврдината Кале, донесовме нов детален урбанистички план, со кој решивме многу проблеми на жителите од овој дел на Центар, особено во делот на легализацијата на објекти и намалувањето на нивната катност. Со донесувањето на ДУП-от, благодарение на нашите стручни служби, успеавме да зачуваме и зелени површини од над 30.000 метри квадратни. За повеќе зеленило, успеавме да избришеме згради,

катни гаражи и хотели кои биле вцртани во минатото, а додадовме изградба на нова детска градинка, која ќе биде прва во оваа населба. Тврдината Кале, како заштитен споменик на културата, е во надлежност на Министерството за култура, и таму веќе извесен период, колку што ми е познато, се вршат археолошки ископи. Тоа е дел од градот кој е богат со историја и со историски артефакти од нашето минато. Убеден сум дека штом ќе се овозможат услови за отворање кон јавноста на Калето, тоа и ќе биде направено.

**Македонија е една од државите во која не се наплаќа влез во сите објекти кои се културно наследство. Во вашата Општина има голем број објекти што се од големо значење за нашата историја. Дали сте размислувале за договор со надлежните институции да направите поголема промоција на историското наследство, а воедно и нов начин на полнење на општинската каса, пари кои ќе може да ги искористите за други цели?**

Сметам дека е добра идејата да не се плаќа влез во сите објекти на културното наследство. Се надевам дека и нашите колеги од Министерството за култура и Управата за заштита на културното наследство го делат ова мое мислење. Во редовна комуникација сум со моите колеги и од локалната и од централната власт, даваме предлози, размислуваме за одредени идеи и работиме на нивна реализација. Онаму каде што наидуваме на разбирање, секогаш брзо и ефикасно ја реализираме активноста. Културата е важен сегмент во нашето работење и се трудиме да ја подигнеме на едно ново, повисоко локално ниво. Од Општина Центар потекнуваат многу културни дејци, многу писатели, поети, глумци, ликовни и улични уметници, од кои голем дел од нивното творештво го врзуваат токму со Центар, а ние тоа секогаш го почитуваме. Само како пример ќе го наведам тука нашиот Горан Стефановски, за чие значење е излишно да се трошат зборови. Освен што неговите дела и писанија се секаде наоколу нас, секоја година, заедно со Фондацијата на семејството Стефановски, на 27 април го одбележуваме неговиот роденден, најчесто на плоштадот „Јас и ти“ во Дебар Маало, каде што е засаден чинар во негова чест и е поставено неговото спомен обележје. Покрај ова, секоја година им доделуваме средства од општинскиот буџет на културните работници, уметници и здруженија на граѓани, за уметнички перформанси, настапи и останати нивни активности, пари кои им се од голема помош во реализацијата на нивните цели.

**Да се најде место за паркинг во Центар е сериозен проблем. Дали планирате промени во тарифникот на ПОЦ?**

Се согласувам дека е проблем, но верувајте ми, поголем проблем им е на самите жители кои живеат во општината. Главно, од причина што не се внимавало во минатото при издавањето на одобренијата за градба, каде што сте обврзани да имате места за паркинг. Во новите одобренија, инвеститорите се обврзани да обезбедат задолжителен број места за паркинг. За полесно справување со проблемите, во наредниот период планираме продолжување на монтажната катна гаража на улицата „Народен фронт“ во Капиштец, со што значително ќе се зголеми капацитетот. Жителите од нас бараат воведување резидентни паркинзи, па онаму каде што имаме можност, дел по дел ги реализираме. Внимаваме онаму каде што е можно да воведеме пешачки зони, да изведуваме велосипедски патеки и да го заштитиме јавниот простор, затоа што од тоа корист имаме сите ние.

**Неодамна беше објавен јавниот повик за проектот „Цел Центар на точак“, за субвенционирање на 30 отсто од цената за купување нов велосипед, електричен**




„Цел Центар на точак", субвенции за 30 отсто од цената за купување велосипед, електричен велосипед или електричен тротинет.



**велосипед и електричен тротинет. Дали имаше голем интерес од граѓаните?**

Оние што ме познаваат подобро, знаат дека сум голем вљубеник во рекреативниот велосипедизам. Велосипедот ми е главно превозно средство и го користам секаде и во секоја можност. Во Центар веќе 9 години успешно го спроведуваме проектот „Цел Центар на точак", кој резултираше со над 5.000 субвенционирани велосипеди и многу задоволни деца, мајки и татковци. Во последните повици ги додадовме и субвенциите за електрични велосипеди и електрични тротинети, и навистина интересот за субвенционирање е голем. Од година во година се намалува бројката, затоа што имаме навистина голем број субвенционирани велосипеди и електрични тротинети. Доказ за атрактивноста на проектот е и фактот дека оваа година квотата за субвенции се пополни во првите две недели.

**Колку е спортот важен сегмент во вашата Општина и колку инвестирате во него?**

Големо внимание им посветуваме на спортот, на здравите навики и на здравиот развој, особено на нашите најмлади жители. Секоја година ги организираме училишните спортски игри „Лига Центар", каде што децата од општинските основни училишта се натпреваруваат во фудбал, кошарка, ракомет, шах и одбојка за девојки, а на крајот на учебната година се прогласуваат најдобрите. Во општинска сопственост е гордоста на Центар, КК „Работнички", најтрофејниот кошаркарски клуб во државата. КК „Работнички" од неодамна има нови спонзори „М-ТЕЛ" и „Виделотарија касинос Австрија", кои ќе ни помогнат да го вратиме клубот на старите победнички патеки. Секоја година распишуваме јавен повик за поддршка на спортски работници, спортисти и спортски клубови кои работат на територијата на Општина Центар. Навистина сме горди на она што досега сме го реализирале, но не застануваме тука. Продолжуваме да работиме, со уште позасилено темпо, со повеќе проекти, уште повеќе активности и единствена цел – овозможување подобар живот за сите во Општината Центар.

# РЕПОРТАЖА



# БАРГАЛА – НЕУРЕДЕН И ЗАБОРАВЕН АРХЕОЛОШКИ ПОТЕНЦИЈАЛ





Не за џабе во Македонија се вели: „Каде и да копнеш со лопата, ќе најдеш некој артефакт“. Тоа постојано се случува во последниве неколку децении. Нови археолошки наоѓалишта се наоѓаат постојано, особено при изградбата на крупни инфраструктурни проекти како патишта и пруги. И додека некои допрва треба да се откриваат, други се оставени на забот на времето. Баргала е еден од нив. Иако локалитетот е откриен во минатиот век, се чини никој не решил посериозно да се занимава со негова промоција. Освен како редовна дестинација на населението од Штип, Кочани, Виница и околните места, речиси и не можете да најдете човек од другите краишта на земјата кој некогаш го посетил. Штета. Особено ако се знае дека се простира на огромна површина, а целиот ни одблизу не е целосно истражен од археолозите.

На туристичката мапа во Македонија, остатоците од античките градови со децении се наоѓаат на репертоарот на посетителите. Хераклеја и Стоби се главни водечки локации кои ги посетуваат туристите. Често, на овие места се организираат концерти и разни културни настани како театарски фестивали кои меѓу другото, ги промовираат овие дестинации. Се чини, освен овие две локации, локалните и централните власти како да подзаборавија дека треба да ги уредат, мапираат и да ги организираат и другите потенцијали на македонскиот туризам во овој сегмент. Постои еден цел регион во североисточниот дел од земјава кој изобилува со остатоци од антички и од средновековни градби кои би можеле да бидат интересни за истражување од страна на посетителите. Најголем потенцијал во овој дел има античкиот град Баргала, па токму затоа и подетално ќе го презентираме.

## ЛОКАЦИЈА

На нешто повеќе од еден час возење од Скопје и на десетина километри североисточно од градот Штип, во склоп на општината Карбинци и во близина на планината Плачковица, се наоѓа археолошкиот локалитет Баргала. До самото наоѓалиште води асфалтен пат. Ако тргнете од Скопје, многу лесно ќе ја поминете делницата до влезот на Штип, па се продолжува по патот кон Кочани. Проблематично станува по исклучувањето кај Долни Балван кон Таринци и остатокот од патот. Имено, тој е асфалтиран и добар, но е тесен, а не ретко одовде поминува и земјоделска механизација од и кон околните ниви. Постои само една изледена информативна табла на неколку стотина метри од крајната дестинација. На самиот влез пред локалитетот има искршени бехатонски плочки, но позитивно е што постои огромен простор кој може да се искористи за паркирање на возилата.

Од Баргала не се заработува, односно не се слеваат пари во ниту една каса, без разлика  дали е општинска или државна. Не постои вработен за да наплатува влезници во локалитетот, иако според големината и значењето, има потенцијал за да се инкасира одредена сума. Буквално секој може да влезе без никаков проблем. Не постои ниту каков било информативен материјал во форма на брошури и каталози за да можат посетителите да прочитаат повеќе детали околу она што е пред нив. За аудиоматеријали на повеќе јазици, како што е тоа во поразвиените држави, не станува ниту збор. Едноставно, локалитетот е оставен на заботот на времето.

И покрај тоа што може да се забележи дека постои некаква служба за одржување на објектот, сепак, се чини поради недостигот од каква било заштита по безбедноста, на места има расфрлано отпад, а во пронајдените огромни ќупови поставени во еден дел од археолошкото наоѓалиште, може да се забележи дека несовесни посетители повеќевековните артефакти ги искористиле како корпи за отпад, па тие беа преполни со пластични шишиња, отпушоци од цигари и гуми за џвакање.

Она што навистина недостига за Баргала сериозно да конкурира на археолошката мапа е уредувањето. Високи треви, обраснати ѕидини и несреден простор е она што доминира пред очите на посетителите. Нема никакви информативни табли, ниту, пак, подетални објаснувања за туристите да знаат во што точно гледаат и што претставува тоа што го гледаат. Вообичаено е на локалитетите од овој тип, покрај секој посебен дел да стои табличка со објаснување на македонски и на англиски јазик.



## ОБИДИ ЗА ЗАЖИВУВАЊЕ НА БАРГАЛА

Пронајдените остатоци од византискиот град Баргала потекуваат од 4. до 6. век, а за негово постоење се пронајдени написи од 341 година од н. е.

Кон крајот на февруари, на местото на овој антички град почна да се реализира заеднички проект за целосно уредување на локалитетот, негово осветлување и заградување за поголема заштита. Проектот го реализираа Општина Карбинци, каде што припаѓа овој локалитет, и Заводот и Музејот од Штип.

„Преку Центарот за развој на Источниот плански регион, обезбедивме 6 милиони денари за реализација на проектот за електрификација, оградување и за поставување туристичка сигнализација на археолошкиот локалитет Баргала, со што ова мошне значајно археолошко наоѓалиште во Македонија ќе има едно централно место на туристичката мапа и ќе биде достапно за посетителите 24 часа", вели директорот на Заводот и Музејот Штип, Митко Штерјов.

Средствата се обезбедени од Министерството за локална самоуправа, а со кофинансирање од 10% учествува и Општина Карбинци, која и досега му посветувала внимание на овој локалитет и во целост ги поддржувала досегашните истражувања и сите конзерваторски активности.

Околината на локалитетот Баргала располага и со црковни објекти од подоцнежниот период и целиот комплекс досега е посетуван од голем број делегации и туристи од земјата и од странство. Во амфитеатарот, кој е дел од локалитетот, досега се одржале голем број театарски претстави и други настани од областа на културата.

Од Музејот во Штип најавуваат дека работите околу уредувањето на локалитетот Баргала ќе се одвиваат до крајот на август и не би требало да ја спречат неговата секојдневна функција.

Дел од пронајдените остатоци во Баргала.



# БАРГАЛА – СВЕДОК НА ДОЦНОАНТИЧКОТО ДОБА ВО МАКЕДОНИЈА

Името Баргала е од тракиско потекло, а неговото етимолошко потекло се врзува за реката Брегалница. Баргала е еден од најрепрезентативните доцноантички и ранохристијански градови во Македонија. Изграден е од страна на Римјаните, на кои им служел како воен логор.

Античкиот град Баргала се спомнува во еден натпис од 371 година, пронајден во текот на Втората светска војна, кој претставува спомен-плоча за подигањето на градската порта од страна на Антониј Алипиј, управник на провинцијата. Плочата е најдена во месноста Ханче, на левата страна од реката Брегалница, во атарот на општината Карбинци. Овој археолошки споменик дава податоци за тоа каде се наоѓал градот, како и за проблемите на границата на Македонија со Тракија. Исто така, градот се спомнува во актите на Халкидонскиот собор од 415 година. Кон крајот на IV век, служел како доцноримски воен логор (каструм), кој бил изграден како тврдина на граничниот појас меѓу провинциите Втора Македонија и Средоземна Дакија.

Подоцна, градот бил разурнат, а жителите подигнале нов град крај Козјачка Река во близината на Горни Козјак. По губењето на стратешкото значење, Баргала прераснала во цивилен епископски град. Во V и VI век, а особено во времето на Јустинијан I, градот го достигнал својот врв, но кон крајот на VI век, во неколку наврати, настрадал од аварско-словенските походи кои го треселе Балканот. Градот не бил потполно напуштен, меѓутоа опстојувал како неурбанизирана населба.

Во средниот век се оформила нова населба, чиј белег е црквата „Свети Ѓорги", изградена кон крајот на втората половина на IX век. Таа се градела од речен камен со варов малтер и доцноантички сполии од Баргала, во времето на покрстувањето на Словените по долината на реката Брегалница. Таа е една од најстарите цркви во Македонија од средновековниот период. Штета што македонското население може често да ја посетува, а речиси никој не слушнал за неа поради недоволните информации и промоција. Околу црквата „Св. Ѓорги" е откриена некропола која, според наодите, егзистирала почнувајќи од VII век. Во внатрешноста на црквата има гроб за кој

**Археолошки локалитет Баргала.**
*Извор: cooltura mk*



не се знае од кога потекнува, дали постоел пред нејзиното подигнување или пак некој покојник е погребан во нејзината внатрешност. Во XIV век црквата е обновена и е извршено живописување по трет пат.

Во северозападниот агол на тврдината Баргала е откриен речиси во целост епископиумот на градот, епископска базилика и нејзиниот дворен простор, во кои се наоѓаат крстилница со мозаични површини, а во просторот на бањата сочувани се и делови од мозаик.

Откриени се и цистерна за вода и две бањи – доцноантичка голема и мала бања. Постојат и делови од стопански и станбени објекти.

Епископската базилика е откриена во северозападен дел од градот. Таа била подигната кон крајот на IV век, а била обновена, односно пресидувана и ремоделирана во V – VI век. Од внатрешноста на базиликата, особено впечатливи се подовите обложени со камени плочи, освен северниот, што бил решен со полихромен мозаик. Како најубав се издвојува подот од презвитариумот, што бил обложен со бели и сиви плочи во opus sectile. Објектот изобилува со богата архитектонско-декоративна пластика, меѓу која, особено се истакнуваат мермерните капители украсени со глави од лавови и лисја од винова лоза, како и неколку парапетни плочи.

Во близина на градските бедеми на Баргала, западно од нив, во 1984 година бил откриен еден старохристијански објект од крајот на IV век. Тоа е трикорабна базилика со под обложен со камени плочи кои биле луксузно орнаментирани. Во северниот дел на градот имало и винарија.

## БАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

Баргала важи за еден од најважните антички историски локалитети и инспирација за археолозите од Македонија. Првите истражувања на овој локалитет почнале во далечната 1966 година.

Во седумдесеттите години на 20-тиот век, на наоѓалиштето работела југословенско-американска екипа, и токму тогаш е откриена епископската базилика. Подоцна се извршени дополнителни ископувањата на Баргала под раководство на Заводот за заштита на спомениците на културата и Народниот музеј од Штип.

Досега е истражена само една десетина од целиот реон, за кој се претпоставува дека зафаќа површина од околу 5 хектари.



# УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ ДОБИ НАГРАДА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ КОН МЛАДИТЕ

Универзитетот Скопје во изминатата година активно даде поддршка за сите амбициозни и талентирани личности да се запишат и да стекнат знаење на една од најдобрите високообразовни институции во земјава. **525** стипендии беа доделени во **35** општини низ земјата, се стипендираа и стотици млади луѓе, талентирани спортисти, а Универзитетот Скопје даде и поддршка за најдобрите средношколци.

Универзитетот Скопје додели 525 стипендии во 35 општини во Македонија.



# ДУРБИН

Токму овој гест и потег за стипендирање млади, талентирани и успешни луѓе на Универзитетот Скопје му донесе награда за општествена одговорност од страна на групацијата „Колор медиа плус“.

Наградата му беше врачена на ректорот на Универзитет Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, кој во обраќањето пред присутните рече дека со овој потег, Универзитетот Скопје сака да ги задржи младите таленти дома, да вложи во нивната иднина, а тие своето знаење да го вложат и да го пренесуваат во татковината.

„Многу политичари често пати знаат да се пофалат дека нивните деца студираат во Солун, но моите деца останаа во Македонија и се образуваа на Универзитетот Скопје. Да ги задржиме младите дома, да ја сочуваме татковината, бидејќи децата се нашата иднина“, порача ректорот Миленковски.

Универзитетот Скопје ќе продолжи да стипендира млади луѓе, да создава знаење, да спроведува највисоки стандарди и секогаш да се стреми кон одличност во образованието, бидејќи убавата страна на учењето е тоа што никој не може никому да му го одземе ниту наученото ниту самиот процес.

Универзитетот Скопје, кој осумнаесет години создава знаења, има добиено и диплома за квалитет од Светската туристичка организација при Обединетите нации. Целта е да се генерираат успешни кадри во областа на економијата, маркетингот, туризмот и менаџментот, а дипломираните веќе се врвни професионалци кои работат во реномирани компании на менаџерски позиции. Стипендиите беа овозможени преку Фондот за стипендирање „Проф. д-р Љубе Миленковски“.



**Миленковски: „Моите деца се образуваа во Македонија.“**



*„Образованието е најмоќното оружје што можете да го употребите за да го промените светот“.*

**Овој цитат на Нелсон Мандела е една од најпознатите изреки за вредноста на образованието. Убавата страна на учењето е тоа што никој не може да ви го одземе.**

## ГИ НАГРАДУВАМЕ ДОБРИТЕ ДЕЛА: ХУМАНИТАРЦИ И КОМПАНИИ ДОБИЈА ПРИЗНАНИЈА ЗА СВОЈАТА ХУМАНОСТ НА РОДЕНДЕНОТ НА „УБАВИНА И ЗДРАВЈЕ“

Организаторите на настанот порачаа дека позитивните дела и потегот на Универзитетот Скопје е позитивен пример сите во земјава да се одважат и да направат некое добро дело.

На роденденската прослава наградени беа и хуманитарци и активисти кои со својот пример покажуваат одговорност кон општеството.

## НАГРАДА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ: А1 МАКЕДОНИЈА

Награда за општествена одговорност доби А1 Македонија за проектот „А1 Academy“, бесплатна академија за млади на возраст од 18 до 25 години, кои по завршување на секој модул, добиваат сертификат за стекнатото знаење. Академијата е придонесот на А1 Македонија кон младите и кон заедницата за реално практикување на дигиталните вештини неопходни за современ и модерен живот. Наградата ја подигна Елена Димовска, раководител на одделот за корпоративни комуникации во А1 Македонија.




Награда за општествена одговорност: А1 Македонија.


Награда за општествена одговорност: Универзитет Скопје

## НАГРАДА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ: УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Универзитетот Скопје во изминатата година активно даде поддршка за сите амбициозни и талентирани личности да се запишат и да стекнат знаење на една од најдобрите високообразовни институции во земјава. 525 стипендии  беа доделени во 35 општини низ земјата, се стипендираа и стотици млади луѓе, талентирани спортисти, а Универзитетот Скопје даде поддршка и за најдобрите средношколци. Универзитетот Скопје сака да ги задржи младите таленти дома, да вложи во нивната иднина, а тие своето знаење да го вложат и да го пренесуваат во татковината.

## НАГРАДА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ: ПИВАРА СКОПЈЕ

Третата по ред еколошка акција ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД ја покажува моќта на заедништвото и дава можност отпадот да го претвориме во наша зелена иднина. ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД инспирира промени, повикува на единство за нешто што е важно и во заеднички интерес на сите нас, а тоа е чист воздух, чиста почва и чиста вода. „Пиварци“ девет месеци континуирано ги посветуваат своето време, ресурси и волонтерски часови во креирање платформа која ќе ги промени навиките градејќи систем за одржлива животна средина и партнерства со сите оние со кои дели исти вредности.

Во рамките на ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД 2023 волонтерите од Пивара Скопје, заедно со останатите партнери и заинтересирани граѓани, на 12 мај го собираа отпадот на локација во атарот на селото Јажинце под општина Јегуновце, во подножјето на Шар Планина. Наградата ја подигна Ламбро Патче, менаџер за односи со јавноста и комуникации, Пивара Скопје АД.

Награда за општествена одговорност: Пивара Скопје.





Награда за општествена одговорност:
Веледрогерија Септима за брендот Виши.

## НАГРАДА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ: ВЕЛЕДРОГЕРИЈА „СЕПТИМА“ ЗА БРЕНДОТ „ВИШИ“

Награда за општествена одговорност доби веледрогеријата „Септима“ за влогот и поддршката која брендот „Vichy“ ја дава за кампањата Еуромеланома насочена кон превенција и едукација за канцерот на кожата. Секоја година, под покровителство на брендот, се организираат едукативни предавања со учество на дерматолози кои ја истакнуваат важноста од внимателното изложување на сонце и на превенцијата на ракот на кожа кој е во постојан пораст. Признанието го прими Ивана Јанева-Попов, бренд-менаџерка на „Vichy“ во „Септима“.

## НАГРАДА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ: ЕУРОФАРМ

Фармацевтската компанија ЕУРОФАРМ веќе 23 години успешно ја гради својата приказна на професионална и општествено одговорна компанија. „Вложување во заедницата на која ѝ припаѓаме“ е една од основните политики во работењето на ЕУРОФАРМ која во своето портфолио се покажува како верен пријател и поддржувач на културата и спортот, на еколошки акции за чиста и здрава животна околина и како учесник во многубројни хуманитарни и донаторски проекти. Од многубројните активности се издвојуваат – покровител на „Мал битолски Монмартр“, донатор на спортска опрема за училишта во Велес, годишно продуцирање на 150.000 бесплатни примероци на списанието „Семејно здравје“, верен поддржувач на познатите Македонски тркачки маратони и главен спонзор на ракометниот клуб „Еурофарм Пелистер“, со што се заокружува огромната поддршка за развојот на македонскиот ракомет и спортот воопшто.

## НАГРАДА ЗА ХУМАНОСТ: Д-Р ГОРИЦА ДАЧЕВСКА, СПЕЦИЈАЛИСТ, ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГ

Д-р Горица Дачевска е управител на специјалистичка и дерматолошка ординација „Д-р Горица ласер центар“. Дама која со години преку својата работа им помогнала на многу луѓе да ги надминат проблемите со кожата. Таа секогаш им дава предност на малите бебиња и најмладите дечиња, а им помага и на старите и изнемоштени лица, па често врши прегледи кај социјално-ранливи категории граѓани. Минатата година во рамките на Еуромеланома, ординацијата на д-р Горица беше отворена три дена за детални бесплатни дерматолошки прегледи на кожата, со акцент за рана превенција и детекција на ракот на кожата.

Награда за хуманост:
Д-р. Горица Дачевска.





Награда за хуманост: Максим Каески.

## НАГРАДА ЗА ХУМАНОСТ: МАКСИМ КАЕСКИ

Хуман од мали нозе! Деветгодишниот Максим Каески веќе неколку години пушта коса, бидејќи му се допаѓа долга коса како на некои од неговите идоли, но, уште поважно – за кога ќе порасне доволно долга да ја скрати и да ја донира за перика за дете болно од рак. Сака музика, фудбал и сè поврзано со вселената, а се надева дека неговиот пример за донација ќе го следат и други деца. Уште неколку сантиметри, па ќе закаже термин на фризер, а потоа би ги повторил целиот процес.

## НАГРАДА ЗА ХУМАНОСТ: ОРЦЕ ЃОРЃИЕВСКИ

Орце придонесе да се изврши реконструирањето на опожарена куќа на социјално-загрозено семејство во село Драчево, донираше дрва и бела техника за социјално-загрозено лице, константно помага со донации на храна. Други значајни реализирани проекти се: отворено и опремено клупче за кое се плаќаат сите тековни трошоци за лицата со церебрална парализа, хуманитарни пакети за лицата од социјален ризик, спасување на куче (Гаро) за кого се платија сите трошоци за лекување, помош со сопствени средства за реновирање прокиснат кров на лице од социјален ризик, донација на инвалидски колички. На сцената се појави Орце Ѓорѓиевски за да ја прими наградата за својата хуманост.




Награда за хуманост: Орце Ѓорѓиевски.

## НАГРАДА ЗА ХУМАН ПРОЕКТ: ТВ-ЕМИСИЈА „СРЦЕ НА ДЛАНКА“

Проектот со социјално хуманитарен карактер „Срце на дланка“ преку емисијата на ТВ Алфа, веб-порталот и на социјалните мрежи, ги открива горливите трогателни приказни на луѓето кои живеат во супстандардни услови. Луѓе чиј поглед го открива разочарувањето поради неоствареното право на достоинствен живот. Тимот на „Срце на дланка“ отвора нова можност да им се подаде рака од страна на хуманите луѓе, организации и компании кои сакаат да го вратат сјајот во очите на овие луѓе. Признанието го подигнаа Оливера Петрушевска, уредничка и водителка на „Срце на дланка“ и продуцентот Дејан Милошевски во име на „Револушн продукција“.

## НАГРАДА ЗА ХУМАНОСТ: ЛЕОН И СЛАЃАНА ВАСИЛЕСКИ

Големината на човекот се гледа преку неговата хуманост. Таа треба да е доблест на секој поединец. Дел од нашата животна етика. Пример за добри луѓе, пример за хуманитарци и луѓе кои со години ја негуваат емпатијата се сопружниците Леон и Слаѓана Василески од Гостивар, кои живеат по принципот на нивното животно мото – „хуманоста е единствената инвестиција која секогаш се исплаќа“. Луѓе кои знаат дека ако го поделат денарот со останатите, загрозените, социјално ранливите, може нема да бидат побогати, но, ќе бидат посреќни. Зашто љубовта е таа што го движи светот, а хуманоста е таа што го одржува и го прави поубав! На присутните им се обратија и Леон и Слаѓана Василески, брачниот пар кој не остана имун на трогателните приказни споделени во „Срце на дланка“!






Награда за хуманост: Леон и Слаѓана Василески.






Награда за хуманост: Музичко дуо ДНК, Панчо и Андреј.

## НАГРАДА ЗА ХУМАНОСТ: МУЗИЧКО ДУО ДНК, ПАНЧО И АНДРЕЈ

Навикнати се на награди и признанија за нивната уметност во овие изминати 20 години на музичката сцена, но паралелно со музиката, тие учествуваа, но и иницираа голем број хумани дела и акции во овие две децении. Токму на концертот по повод 20-годишниот јубилеј, дел од собраните средства од влезници и од продажбата на нивното ЦД го донираа во Фондацијата „Марко Божиновски“. Владимир Блажев – Панчо се качи на сцената за да го прими признанието.



Награда за хуманост: Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес.

## НАГРАДА ЗА ХУМАНОСТ: ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА СО ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА И ДРУГИ ПОПРЕЧЕНОСТИ – ВЕЛЕС

Ова здружение е хуманитарна, непрофитна организација, формирана на 1997 година од страна на лица со попреченост и нивните родители. Ова здружение брои околу 100-ина лица, а главната визија им е да се постигне општество со еднакви можности за сите, без бариери и ограничувања. Дел од нивните активности е и социјалната сервисна услуга „Живеење со поддршка“, која има обучено и вработено бројни негуватели и стручни работници. Признанието го подигна Далиборка Златева, претседателка на Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес, која ги трогна гостите со својот емотивен говор, а наградата му ја посвети на својот прерано починат син, кој исто така бил лице со церебрална парализа.

## СПЕЦИЈАЛНО ПРИЗНАНИЕ ЗА НАЈИНСПИРАТИВНА ПРИКАЗНА: ЛИЛА ФИЛИПОВСКА

Во работата на медиумите најважни се приказните, ексклузивните, а паралелно со нив и тиражите. Токму затоа, за 15-годишниот јубилеј на „Убавина и здравје“ беше доделено и едно специјално признание: награда за најчитано, најбарано, најтиражно издание. Наградата ја доби дамата што го овозможи тоа споделувајќи ја својата инспиративна, лична приказна со „Убавина и здравје“, а преку списанието и со огромниот број читателки и читатели. За неа откажувањето никогаш не било опција – тоа е Лила Филиповска! Познатата водителка им се обрати на присутните со инспиративен говор и го подигна признанието.




Специјално признание за најинспиративна приказна: Лила Филиповска.

# ЕНЕРГЕТИКА



**„Кога почнав да работам во енергетиката, имав многу препреки бидејќи 90% во оваа струка се мажи. Од 17 држави во кои работев, само во Република Српска и во Грција имаше жени на високи позиции во енергетиката. Имав и неколку непријатни ситуации кога некои директори не сакаа да имаат состанок со жена на темата енергетика. Меѓутоа, како и секаде, квалитетот секогаш испливува на површината и со тек на времето овие препреки ги поминав. Можам да кажам дека жените имаат различен пристап во многу ситуации, можат да се справат со стрес, мултитаскинг, имаат различни методи на работа и резултатите на крај кажуваат сѐ. Се надевам дека и во Македонија за прв пат ќе видиме и жена на клучните позиции во енергетиката во иднина“,** порачува во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, Сања Божиновска, која е експерт по енергетика во Прага. Таа смета дека Македонија потфрла на енергетски план поради тоа што надлежните немаат стратегија, знаење и капацитет за сериозна енергетска политика во Македонија.



Сања Божиновска, експерт по енергетика во Прага.



# БОЖИНОВСКА: МОЈА ЖЕЛБА Е МАКЕДОНИЈА ЕДЕН ДЕН ДА БИДЕ НЕТО-ИЗВОЗНИК НА ЕНЕРГИЈА, БИДЕЈЌИ СМЕ ЗЕМЈА СО МНОГУ СОНЧЕВИ ДЕНОВИ И ИМАМЕ ПРОФЕСИОНАЛЦИ ВО ОВОЈ СЕКТОР

**Енергетската криза го поттикна домашното производство на електрична енергија, но сепак не е доволно да го врати производството на ниво од пред десет години. Каде потфрли Македонија на енергетски план?**

Енергетиката е област која се планира долгорочно и секако дека проблемите, а и решенијата не се случуваат веднаш. За



жал, енергетската  криза се случи кога ЕСМ имаше проблем со ангажирање и ставање во употреба на своите производни капацитети на максимум. За секоја изградба на енергетски капацитети е потребна сериозна подготовка, финансии, планирање, оперативни процеси и време. Во Македонија за последните години се изградија ветропаркот од ЕСМ од 36 MW инсталирана моќност и 10 MW фотонапонска централа во Осломеј, меѓутоа тоа е недоволно. Сите фотонапонски централи кои се изградени се приватни, тоа значи дека по енормните цени на електрична енергија од минатата година, многу поединци и фирми решија да инвестираат во фотонапонските централи. Произведената енергија им се продава на трговците по берзански цени, што значи дека Македонија како држава нема планиран откуп на оваа електрична енергија. Свесни сме дека РЕК Битола е многу стар производствен капацитет и дека 70% од електричната енергија доаѓа оттаму, а сè уште немаме никаква алтернатива за РЕК Битола (последните години речиси е невозможно РЕК Битола да работи со полна моќност, а сведоци сме и на постојани технички проблеми). Во 2022 година во Македонија се произвеле 5.634 гигават-часови електрична енергија, додека во 2010 година 6.774 гигават-часови. Структурата на производството на струја во минатата година од термоцентралите (2.621 гигават-часови) е за дури 38,7% помало од она што било во 2012 година (4.277 гигават-часови). Притоа, производството од РЕК Битола е намалено за една третина (било 3.700 во 2010, а во 2022 е 2.354 гигават-часови), а од ТЕЦ Осломеј е преполовено од 577 на 267. Најдрастичен пад е кај хидроцентралите, каде што во 2010 година биле произведени 2.185 гигават-часови, а во 2022 година – 985. Ова се сериозни бројки кои треба да се анализираат. Во сегашниот енергетски баланс на државата влегува и струјата произведена од Те-то, која е во приватна сопственост и се продава по

строго пазарни услови. Одговорот е немање стратегија, знаење и капацитет за сериозна енергетска политика во Македонија.

**Како експерт и познавач на состојбите во енергетскиот сектор, кој според Вас е главен виновник за енергетската криза?**

Цената на горивата во ЕУ се зголеми како последица на војната меѓу Русија и Украина, што доведе и до загриженост поврзана со безбедноста на снабдувањето со енергија. Одлуката на Русија да ја прекине испораката на гас за неколку земји-членки на ЕУ дополнително се одрази врз ситуацијата. Ова намерно намалување на испораките на гас од страна на Русија е главната причина за вртоглавото зголемување на цените во ЕУ, што влијаеше брз цената на електричната енергија произведена во електраните на гас, како и врз цените на електричната енергија во целина.

По започнување на војната во Украина и порастот на цените на енергијата, побарувачката на природен гас во Европската Унија се намали во 2022 година за 55 милијарди кубни метри, или 13%, што е најголем пад во историјата. Намалувањето е еквивалентно на количината гас потребна за снабдување на над 40 милиони домови. Промените во енергетскиот микс, економската активност, временските услови, промените во однесувањето и други фактори беа одговорни за оваа драматична промена во потрошувачката на природниот гас. Исто така, поблагите зимски температури секако одиграа важна улога. Сепак, не сите временски влијанија ја намалија употребата на гас. Ниските врнежи во јужна Европа доведоа до многу лоша година за хидроенергијата и ја зголемија потребата за електрична енергија од гас. Високите цени, исто така, одиграа значителна улога во намалувањето на побарувачката, особено во индустриските сектори што интензивно користат гас.

**Цената од сите турбуленции и кризи на крај ќе удри по џебот на граѓаните. Зошто се најде Македонија во ваква енергетска ситуација и кој ќе ја плати цената?**

Кога се работи за стратешки прашања како што е енергетиката, мора сите да се сложиме дека е потребна синергија од најдобрите експерти во државата и надминување на партиската припадност. Во минатата година му беа префрлени 250 милиони евра на ЕСМ, тоа се сериозни финансиски средства кои можеа да бидат искористени многу подобро. Фирмите беа оставени да купуваат електрична енергија по енормни цени, најголемиот индустриски капацитет во Македонија, Фени, престана да работи од јули 2022. Сите соседни држави имаа поддршка за цените во индустријата. Само за споредба, во Македонија фирмите плаќаа и 500 евра електрична енергија, додека во Србија таа цена беше 75 Евра, во БИХ 65 евра, а во Бугарија државата ја субвенционираше разликата во цените. За домаќинствата цените во Косово е 6,5 евроценти, Босна 8 евроценти, Македонија 9,3 евроценти, Унгарија 9,4 евроценти.

Во 2022 година загубите на електричната енергија нѐ чинеле неверојатни 157 милиони евра, кои сме ги платиле преку сметките за струја, а во 2021 година 100 милиони евра. Сѐ уште постојат голем број корисници кои воопшто не плаќаат електрична енергија, а крајната сметка секако доаѓа кај сите граѓани. Цената секако ќе ја платат граѓаните и тоа се гледа во новите задолжувања, издавања на нови државни обврзници и слично.

**Стратешки договори за енергетика има, но тие не се применуваат. Зошто и кој тактизира со нивната реализација? Дали сметате дека во енергетскиот сектор има недоволно стручен менаџерски кадар?**

Ако ја погледнеме вебстраната https://vlada.mk/strateski-investicii, ќе видиме дека има 10 стратешки инвестиции од кои првата е донесена на 19 јули 2021. Досега ништо јавно не се дискутира за овие инвестиции,

преговорите се водат во 4 очи. Најпрво, вкупната моќност на сите тие инвестиции е нереална за Македонија, односно не знам дали некој сериозно се занимава со енергетскиот биланс на Македонија и со техничките можности. Секако звучи примамливо и насекаде се фалиме дека сме лидери во енергетските инвестиции, но сепак треба да сме реални. Моето прашање е кој е бенефитот за Македонија од сите овие стратешки инвестиции? Целокупната технологија ќе биде увезена вклучувајќи ги и панелите, давањето на земјиштето (тоа се големи површини) е сè уште дискутабилно, нови вработувања ќе нема освен чувари на овие централи и – најважното прашање – електричната енергија. Сите овие фирми ќе тргуваат со електричната енергија по пазарни услови, односно никаде не прочитав дека Македонија ќе добие некој процент од произведената енергија за сопствено производство или одредени мегават-часови по пониска цена. Да имаше стручен менаџерски кадар, за овие речиси две години ќе имавме барем една реализирана инвестиција (знаејќи дека 2-3 месеци е потребно за целосно поставување на ФЕЦ).

**Во Македонија се чини секоја фирма-трговец со 5.000 евра може да тргува со струја и да направи милионски долгови. Зошто имаме ваква легислатива?**

Сведоци бевме на милионските долгови направени од неколку фирми кон МЕПСО. Повеќе од 12 милиони евра не се наплатени, не постои ни изглед да се наплати ни едно евро, и никој не сноси последици за оваа штета, која на крај ќе ја плаќаат граѓаните. Мора да се преземе одговорност и да се воспостави постриктна легислатива во однос на трговијата со електрична енергија. Во многу држави едноставно не постои можност да се има долг кон систем-операторот (државата), бидејќи постојат технички служби кои на дневна база ги следат трансакциите на сите фирми-трговци, и секогаш мора нивното работење да е покриено со банкарски гаранции. Реалноста е дека основани се нови фирми (со иста адреса, слично име на фирма, случаи каде што истите вработени се јавуваат како дел од новите фирми) и повторно работат. Значи постои системска грешка за која мора да се преземе нешто. Во Србија банкарските гаранции кон систем-операторот изнесуваат милион евра, што значи дека трговијата со електрична енергија е доста сериозна дејност, и фирмите мора да се ликвидни и да располагаат со финансиски средства.

На прашањето зошто имаме ваква легислатива, може само да одговорат надлежните министерства.

**Во енергетската стратегија на МАНУ до 2040 година се предвидува затворање на два блока од ТЕЦ Битола. Под кои услови и кој би ја компензирал нивната важност за минимум енергетска независност?**

Многу е лесно на хартија да напишеме многу работи, како што се и стратешките инвестиции. Реалноста е дека Македонија поголемиот дел од електричната енергија ја добива од РЕК Битола. Точно е дека трендот е на обновливи извори на енергија и одлично е што имаме повторно тендер за Чебрене и за изградба на хидроцентрала. Меѓутоа, кога би се реализирала изградбата на таа централа? Секојдневно слушаме за избегнување на употреба на јаглен, меѓутоа само да напоменам дека ако пред неколку години нуклеарните централи почнаа да се затвораат, минатата година енергијата од нуклеарни централи доби зелена ознака во ЕУ под одредени услови. Во Македонија се исцрпуваат домашните резерви на лигнит, кои економично може да се експлоатираат. Одржувањето во оперативен живот на ТЕЦ Битола зависи од транспортот на лигнит со слични карактеристики кој се наоѓа во Грција или во Косово. Сегашната криза може краткорочно да го одложи



Сања Божиновска, експерт по енергетика во Прага.

сегашниот тренд – промена од јаглен на обновливи извори, но примената на таквата политика нема да се промени. Во државите на ЕУ ќе нема производство на струја од централи кои користат цврсто фосилно гориво освен централи со CCS-технологија. Тоа е технологија на целосно фаќање на стакленичките гасови од согореното цврсто фосилно гориво и нивно контролирано искористување и/или подземно складирање. Мора да знаеме дека оваа технологија е многу скапа и Македонија тешко ќе може да ја примени. Следствено е дека Македонија цврстото фосилно гориво ќе го замени со природниот гас.

Мора да имаме државен план за изградба на енергетски капацитети, капацитети кои мора да вклучуваат производство на базна енергија (енергијата од обновливи извори не е базна енергија – таа мора да биде избалансирана во нашиот енергетски систем) и сите да ја сфатиме енергетиката крајно сериозно бидејќи стотици милиони беа потрошени за набавки на гас, јаглен, енергија, а немаме сериозен енергетски капацитет.

**Каква е состојбата во Европа? Дали има струја на тамошните берзи и како се движат цените?**

Во Европа оваа година зимата беше многу блага, државите ја намалија потрошувачката на гас и енергија и цените се стабилни. Европската Унија постигна договор за ограничување на цените, така што цените од 500-600 евра за мегават-час не се повторуваат. Оваа година цените се движат околу 100-120 евра за мегават-час. Моментално, 2024 година може да се купи на унгарската берза за 158 Евра, во Австрија 2024 се тргува за 158 Евра, 2025 за 133 Евра, 2026 за 119 евра, во Чешка следната година се тргува за 145 евра, а 2025 за 125 евра, во Франција следната година е 199 евра, а 2025 е 128 евра. Во Германија 2024 година се тргува за 145 евра, а 2025 за 123 евра. Берзите се ликвидни. Струја има и тука се пресудни побарувачката и понудата на соодветните цени и количини.

*Македонија е мојот прв дом и така ќе остане. Во Македонија сум израснала, сум ги стекнала првите пријатели со кои што се дружам и денес и постулатите од моето образование. Моите родители и пријатели се во Македонија, често доаѓам и се чувствувам убаво. На многупати насекаде во светот ја промовирам и ја препорачувам да се посети. Меѓутоа, за жал, морам да кажам дека многу работи некако со години не се променети. Имаме прекрасни туристички места кои може да се носат со европските, па и со светските дестинации. Охрид е светска дестинација и заслужува да биде на мапата на посакувани дестинации. Сигурна сум дека можеме многу подобро. Недостига сериозна промоција на сите убавини што ги имаме.*



**Во Европа е приоритет, но колку во земјава се стимулира заштитата на енергијата преку изградба на енергетски одржливи градби?**

Енергетската ефикасност е веќе неколку години тренд во ЕУ и, секако, Македонија како земја која се гледа во европското семејство, треба да ги применува овие практики. Од тоа што можам да прочитам, а има малку податоци, во Македонија има мала искористливост на пристапните фондови за енергетска ефикасност. Имаше олеснувања во законот за изградба на фотоволтаици до 40 kW, тоа е за поздравување. Меѓутоа, само за споредба, процедурата да изградите ФЕЦ и луксузен огромен хотел е иста. Мислам дека има премногу административни непотребни процедури кои мора да се сменат во иднина. Се надевам дека во иднина ќе имаме Министерство за енергетика и сектор кој ќе се занимава исклучиво со аплицирање до достапните фондови и комуникација со сите странски институции кои нудат средства за енергетска ефикасност.

**Важите за истакнат експерт во енергетскиот сектор. Кој е вашиот совет околу иднината на Македонија на ова поле?**

Ангажирањето стручни лица од државата и од регионот и пристапување кон ефективно решавање на енергетската ситуација во Македонија. Сè уште не сме поврзани енергетски со Албанија, а пред неколку години Италија и Црна Гора се поврзаа со подводен кабел. Доцниме со години. Државата е таа што треба да ја откупува енергијата произведена од фотоволтаиците, да се внимава со трошењето на акумулациите на езерата, набавките во ЕСМ да се транспарентни бидејќи исти фирми со неколку центи разлика добиваат милионски тендери подолг временски период, да се

избегнува договарање во четири очи. Исто така, да се види постојната мрежа и што треба да се изгради за да знаеме кои се можностите за следните 5-10-20 години, недозволеното преземање струја од ЕНТСО (Европа) кое се случуваше мината година да не се повтори никогаш.

Најважен совет е луѓето кои ќе бидат задолжени за креирање и спроведување на енергетската политика на Македонија да работат исклучиво во интерес на доброто на граѓаните бидејќи мора да изградиме нешто што ќе остане и за идните генерации. Моја желба е Македонија еден ден да биде нето-извозник на енергија бидејќи сме земја со многу сончеви денови и имаме квалитетни и стручни професионалци во овој сектор.

**Божиновска, како млада, амбициозна личност, како се справувате со предизвиците во енергетскиот сектор, каде што доминираат мажите?**

Кога почнав да работам во енергетиката, имав многу препреки бидејќи 90% во оваа струка се мажи. Од 17 држави во кои што работев само во Република Српска и во Грција имаше жени на високи позиции во енергетиката. Имав и неколку непријатни ситуации кога некои директори не сакаа да имаат состанок со жена на темата енергетика. Меѓутоа, како и секаде, квалитетот секогаш испливува на површината, па со тек на времето овие препреки ги поминав. Можам да кажам дека жените имаат различен пристап во многу ситуации, можат да се справат со стрес, мултитаскинг, имаат различни методи на работа и резултатите на крај кажуваат сè. Се надевам дека и во Македонија за првпат ќе видиме и жена на клучните позиции во енергетиката во иднина.

**Живеете и работите во Прага. Кои се предностите во системот за работа и дали Ви недостига Македонија?**

Во Прага отидов да студирам во 1998 година. Оттогаш Прага доживеа неверојатна трансформација во секој поглед. Сега може слободно да се носи со Германија и со квалитетот на живот таму. Постои систем на вредности, се цени знаењето и се вреднува трудот. Како земја која е во центарот на Европа, нуди повеќе можности за едукација, усовршување, размена на искуства, контакти со искусни лидери, менаџери од кои може да се научи многу. Најважното е што квалитетот се препознава, се цени и се вреднува, и постои корпоративна култура која веќе конкурира на високо ниво. Секако дека системот не е најсовршен, меѓутоа има голема разлика со македонскиот систем.

Македонија е мојот прв дом и така ќе остане. Во Македонија сум израснала, сум ги стекнала првите пријатели со кои што се дружам и денес и постулатите од моето образование. Моите родители и пријатели се во Македонија, често доаѓам и се чувствувам убаво. На многупати насекаде во светот ја промовирам и ја препорачувам да се посети. Меѓутоа, за жал, морам да кажам дека многу работи некако со години не се променети. Имаме прекрасни туристички места кои може да се носат со европските, па и со светските дестинации. Охрид е светска дестинација и заслужува да биде на мапата на посакувани дестинации. Сигурна сум дека можеме многу подобро. Недостига сериозна промоција на сите убавини како Преспанскиот Регион, Крушево, Берово, Маврово, многубројните водопади, манастири, цркви, Кокино, Хераклеја, Стоби, промоција на нашата гастрономија, нашите настани како Охридско лето, Вевчански карневал, Галичката свадба, Џез-фестивалот, винската индустрија, и да не ја заборавам неверојатната гостопримливост и дружељубивост по која сме препознатливи. За сето ова мора да имаме инфраструктура – автопати, железница, реклами, присуство на саеми, а секако мора да поработиме и на дигитализацијата – живееме во свет на апликации и социјални мрежи.

# ПАТРИЦИЈА ДИ ЏОВАНИ
## Претставник на УНИЦЕФ во Македонија





# ДИ ЏОВАНИ: ИНВЕСТИРАЊЕТО ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ЌЕ ГАРАНТИРА ИДНИНА И ШАНСА ЗА ФЕР ДЕТСТВО НА СЕКОЕ ДЕТЕ

Успешните наставници не само што ги подобруваат достигнувањата на учениците, туку го помагаат и нивниот социо-емоционален развој, создаваат позитивна училишна култура и го промовираат доживотното учење. Затоа, клучно е да се привлечат и да се задржат наставници со високи квалитети преку нудење конкурентни плати, можности за професионален развој и работни услови со давање поддршка на наставниците. За да се постигне тоа, потребно е да се обезбеди ефикасно образование и постојан професионален развој за наставниците за да стекнат неопходни знаења и вештини за да можат да ги задоволат различните потреби на учениците. Инвестирањето во наставниците е најважната стратегија за подобрување на образовниот систем и за постигнување подобри резултати кај учениците, вели претставничката на УНИЦЕФ во земјава, Патриција ди Џовани.



Патриција ди Џовани, претставник на УНИЦЕФ во Македонија.



**Вие сте претставничка на Фондот за деца на Обединетите нации УНИЦЕФ и сте многу посветена на децата и на вашата работа. Тоа може да се забележи од постојаниот ангажман со различни проекти за да им се олесни животот на децата. Дали вложува Македонија доволно во своите деца? Како би ја оцениле грижата за најмалите?**

УНИЦЕФ работи со Владата и со партнерите во Македонија со цел секое дете да расте во грижлива, стимулирачка и безбедна семејна средина, да има можност да учи, да се вклучи во социјалната средина и да развива отпорност. Притоа, нашата цел е да помогнеме да се создаде поволна средина за унапредување на детските права.  Оваа година УНИЦЕФ ја одбележува својата 30-годишнина во Македонија. Во 1993 година, УНИЦЕФ беше една од првите две агенции на ОН кои отворија канцеларија во земјата откако стана независна држава,  првично обезбедувајќи хуманитарна помош за децата-бегалци од Босна. Оттогаш, заедно со нашите партнери, продолжуваме да работиме за да му обезбедиме детство, иднина и фер шанса на секое дете.

Земјата има постигнато напредок на планот на спроведување различни законодавни и институционални мерки и политики за имплементација на Конвенцијата за правата на детето. Сепак, неопходно е да се вложат напори за да се спроведат сите тие реформи и стратегии за да има видливи резултати.

Инвестирањето во децата подразбира да се обезбеди буџет за програми и услуги за деца, но исто така и човечки ресурси со знаење, вештини и со мотивација кои даваат квалитетни и инклузивни услуги за децата. Во оваа насока, најпрво треба да се осмисли општиот пристап за справување со детската сиромаштија. Фокусот треба да се пренасочи и надвор од рамките на семејните приходи. Инвестирањето за да се подобри квалитетот на образованието, да се прошири пристапот до предучилишни и основни социјални услуги и да се воведат нови услуги и програми за поддршка на родителите и секое дете да расте во семејна средина со љубов, мора да се разбере како инвестирање што помага за справување со детската сиромаштија и создавање посветла иднина за сите граѓани на земјата.

**Образованието е столбот на секоја земја. Меѓутоа, што е потребно за добри резултати во образованието и, конечно, за да се создаде конкурентна работна сила**

**која ќе придонесе за просперитетот на земјата?**

Аспирациите на Македонија за подобрување на економската конкурентност и забрзување на интеграцијата во Европската Унија се клучни за да се постигне посигурна, поотпорна, поодржлива и попросперитетна иднина за граѓаните. Постигнувањето на овие цели во голема мера зависи од создавањето здрава работна сила со високи квалификации и од развојот на човечкиот капитал. Една од најважните области е правичното образование со висок квалитет за да се отвораат нови можности и да се подобри квалитетот на живот за денешните и за идните генерации. Многу фактори влијаат на квалитетот на образованието, а квалитетот на наставниците е клучен за секое училиште. Успешните наставници не само што ги подобруваат достигнувањата на учениците, туку го помагаат и нивниот социо-емоционален развој, создаваат позитивна училишна култура и го промовираат доживотно учење. Затоа, клучно е да се привлечат и да се задржат наставници со високи квалитети преку нудење конкурентни плати, можности за професионален развој и работни услови со давање поддршка на наставниците. За да се постигне тоа, потребно е да се обезбеди ефикасно образование и постојан професионален развој на наставниците за да стекнат неопходни знаења и вештини за да можат да ги задоволат различните потреби на учениците. Инвестирањето во наставниците е најважната стратегија за подобрување на образовниот систем и за постигнување подобри резултати кај учениците.

УНИЦЕФ ги поддржува наставниците во усвојувањето нови педагошки пристапи со кои се олеснува ефективноста во наставата и во учењето. Исто така, заложбите на УНИЦЕФ се насочени кон промовирање инклузивни практики и олеснување на учењето со практична работа и експерименти во области како што е животната средина. Еден начин на кој УНИЦЕФ ги поддржува наставниците е преку примена на технологијата за да се подобри учењето. Само во 2022 година, УНИЦЕФ обезбеди онлајн обука и вебинари за над 10.000 наставници преку платформата Едуино, покривајќи различни теми од интерес за наставниците. Овие заложби помогнаа да се подобри квалитетот на образованието преку обезбедување на потребните вештини и знаења на наставниците за да има повеќе резултати од наставата и искуствата на учениците од учењето.

Пристапот до ресурси како што се финансирање, наставни материјали и опрема во училниците, исто така, може значително да влијае на резултатите од учењето на ученикот. Сепак, важно е да се разгледа начинот на кој овие ресурси се распределени и искористени. За да се користат ресурсите ефективно, програмите треба да се изработуваат врз основа на податоци, трошењето треба да биде ефикасно, а инвестициите треба да бидат стратешки за да се даде приоритет во областите каде што постои најголем потенцијал за подобри достигнувања на учениците. Покрај тоа, важно е распределбата на ресурсите да биде праведна, особено за учениците кои може имаат потреба за дополнителна поддршка, како што се децата од сиромашни семејства или семејства каде што родителите имаат пониско образование, деца со попреченост и други. Оттаму, УНИЦЕФ во соработка со Министерството за образование и наука работи на подобрување на ефикасноста и ефективноста на образовниот систем преку подготовка на нова формула за финансирање на основното образование, како и преку реорганизација на училишните ресурси со цел подобро да се одговори на потребите на учениците и да се обезбеди квалитетно образование.

**Дали ги охрабрувате политичките чинители и клучните засегнати страни во нашата земја да вложуваат во младите, а со тоа да**



Патриција ди Џовани, претставник на УНИЦЕФ во Македонија.

**успеат да ги задржат во својата земја?**

Младите паметни луѓе носат огромен потенцијал во Македонија, и ние во УНИЦЕФ континуирано се залагаме за значаен ангажман и учество на младите луѓе, и среќни сме што можеме да создадеме места и можности за младите да напредуваат. Сепак, според најновите истражувања, над една третина од младите во Македонија се изјасниле дека не учествуваат во процесите за донесување одлуки на националните и локалните власти.

Потребно е проактивно да ги пронаоѓаме младите  луѓе преку канали и места кои се погодни за нив и да ги вклучиме во донесувањето одлуки, развивањето вештини и целисходно учество, така што тие ќе станат дел од нашето општество и заедница, ќе се чувствуваат дека припаѓаат и дека се поврзани. Во изминатите години, УНИЦЕФ заедно со Владата и претседателот на Република Македонија значително го зајакнаа и го унапредија долгогодишното партнерство за унапредување на правата на децата и младите во земјата. Во 2021 година, УНИЦЕФ и претседателот на Република Македонија ја започнаа иницијативата „Да ја преобмислиме иднината“ со цел да се намали ризикот од идни непредвидени ситуации по пандемијата со Ковид-19. Во текот на годината, УНИЦЕФ преку социјалните мрежи, училиштата и U-Report, го засили гласот на над 1.000 млади луѓе и работеше во партнерство со претседателот на земјата за да се поддржат нивните повици за акција.

Исто така, УНИЦЕФ во соработка со Министерството за образование и наука зеде учество во U-Report во Македонија во 2021 година. Со околу 1.000 млади луѓе кои ги споделуваат своите мислења на различни анкети, оваа алатка брзо прерасна во релевантен механизам за собирање мислења, информирање на носителите на одлуки, но и во механизам за важни консултативни процеси, како што е и најновата соработка со Агенцијата за млади и спорт за подготовка на Националната стратегија за млади за  2023 – 2027. На крај, се спроведуваат и многубројни можности за развој на вештини кај младите луѓе. Само во 2022 година, преку четирите програми (UPSHIFT, Generation Unlimited, Социјално и емоционално учење и Правда за децата), вкупно 465 млади луѓе имаа можност да изработат и да имплементираат 94 иновации и производи во нивните заедници и во земјата.

**Како жена, исто така сте гласни за правата на жените и девојките. Исто така, повикувате на свесност за да се запре насилството врз жените. Дали сметате дека**

**кампањите даваат позитивни резултати?**

На глобално ниво, процените се дека секоја трета жена или девојка низ светот ќе доживее физичко или сексуално насилство во текот на животот. Спречувањето на насилството започнува со промена на дискриминаторските родови норми. Неопходно е да се промовираат семејни релации со почит, ненасилни начини на решавање конфликти, како и позитивно родителство, за да се обезбеди здрава и безбедна домашна средина. Државата, општеството, семејствата и секое лице ја споделуваат одговорноста со цел родово-базираното насилство да стане видливо, да се подигне свеста за ранливоста на девојчињата и жените на насилство и да се обезбеди превенција од насилство. Децата можат да бидат изложени на насилство во училиштата, домовите и во заедниците, а тоа исто така може да се пренесе од родителите на децата кога тие се сведоци на насилство, кога доживуваат или извршуваат  насилство, што потоа доведува до меѓугенерациски циклуси на насилство. Со оглед на тоа дека се работи за комплексен проблем, и решенијата треба да бидат повеќеслојни. Треба во исто време да се прават промени во однос на корените на причините, двигателите и системските решенија. Од подеднаква важност е и да се работи во рамките на образовниот систем за да се спроведе пристап на ненасилно и позитивно дисциплинирање и да се препознаваат знаците на предупредување за родово-базирано насилство кај децата. Училиштата секогаш треба да бидат безбедно место за децата.

**Дали сметате дека институциите си ја вршат својата работа, односно колку добро се заштитени децата и жените во семејствата каде што има насилство?**

Како што посочив претходно, примарната превенција на насилството е од најголема важност за да се создаде средина што ги штити сите деца. Тоа вклучува зголемено инвестирањето во давањето поддршка за семејствата и родителството и справување со социјалните двигатели и однесувањето што поттикнува насилството. Понатаму, земјата треба сè повеќе да инвестира со цел жртвите, или оние што се изложени на ризик од родово-базирано насилство, да имаат пристап до услуги за заштита, правно советување, ментално здравје и психосоцијална поддршка, како и служби за упатување на услуги, како на пример за здравствена заштита или привремено сместување.

УНИЦЕФ го поддржа воведувањето на програмата за вешто родителство, која започна да се спроведува во градинките, за да се поддржат родителите во исполнувањето на одговорностите за грижа за децата со примена на позитивни методи на родителство. Покрај тоа, функционира и Националната линија за помош на родители (075/230-530), за да помогне да се надминат празнините во давањето услуги за поддршка на родителите, а со тоа и да се заштитат правата на децата да растат во семејна средина што нуди заштита и грижа.

**Пред речиси една година, во соработка со министерствата за здравство, образование и труд и социјална политика, ја презентиравте апликацијата за родители Bebbo, алатка која треба да им помогне на родителите во растот и развојот на нивните деца. Кои се првичните резултати од оваа апликација? Дали постои интерес и што всушност треба да се постигне со неа?**

Досега има речиси 13 илјади преземања на мобилната апликација. Нашата крајна цел е да допреме до што е можно повеќе родители преку оваа апликација и да ја подигнеме свеста за тоа зошто е важно родителството во раното детство. Bebbo е практична алатка која може да им помогне на родителите да им овозможат најдобар почеток во животот на своите деца, обезбедувајќи им информации, совети и ресурси на едно место.

Од самиот почеток на примена на

апликацијата, работиме со давателите на услуги кои имаат директен контакт со родителите. Тие се наши ценети партнери во промовирањето на Bebbo, кои се залагаат за подигање на свеста за важноста на родителството во првите години од животот. Ќе продолжиме да работиме со нив и ќе продолжиме да зборуваме за Bebbo, бидејќи веруваме дека тоа е важен ресурс кој може да им помогне и да ги поддржи родителите.

**Економската и енергетската криза косат, како во светот, така и во Македонија. Се зголемува бројот на луѓе кои се на работ на сиромаштијата. Според Вас, дали Владата презема доволно мерки за да им помогне на граѓаните во овие тешки времиња?**

Анализата на УНИЦЕФ поддржана од Заедничкиот фонд за целите за одржлив развој покажа дека околу 33 илјади луѓе, од кои десет илјади се деца, ќе бидат турнати под прагот на сиромаштија до крајот на 2023 година поради кризата со храна и енергија. Ценовните шокови несразмерно ги погодија семејствата со повеќе деца и со пониски примања, поради поголемиот удел на трошоците за храна и енергија во буџетот на домаќинството. Ситуацијата е уште полоша кај семејствата со три или повеќе деца. Иако мерките на Владата да обезбеди да не дојде до зголемување на бројот на погодени семејства беа успешни, постои потреба од наменски интервенции за поддршка на најранливите домаќинства. Мерките за контрола на цените, и особено субвенционираната цена за електрична енергија за домаќинствата, се оценуваат како многу ефикасни. Со оглед на тоа што буџетите во јавниот сектор се причина за загриженост поради зголемените трошоци и очекуваниот пад на јавните приходи, властите може да наидат на тешкотии за да одговорат на сите потреби за дополнителни мерки за социјална заштита. Понатаму, финансирањето на други основни социјални услуги, вклучувајќи ги и образованието и здравството, исто така, може да биде изложено на ризик, поради зголемените трошоци за електрична енергија и греење за објектите, што претставува значително оптоварување за националниот и општинските буџети. Бидејќи се очекува трендот на зголемување на цените да се задржи, Владата може да размисли за проширување на субвенциите за електрична енергија, така што и други ранливи домаќинства ќе имаат пристап до неа. Може да бидат потребни почести приспособувања на паричната социјална помош за да се усогласи со растечките цени, односно, дадената помош да ја задржи вредноста.

**УНИЦЕФ се бори за правата на децата повеќе од 75 години. Има и деца со попреченост и деца со посебни потреби. Дали се инвестира доволно за нивното вклучување во општеството?**

Вклучувањето на децата со попреченост во сите аспекти на животот е тековен процес кој бара континуирани напори и посветеност од сите засегнати страни. Земјата значително го подобри пристапот до образование за децата со попреченост. Особено позитивен чекор кон инклузивно образование е спроведувањето на Законот за основно образование, каде што е предвидено дека од следната учебна година сите деца ќе се запишуваат во редовни основни училишта. Напорите за трансформација на посебните училишта во ресурсни центри за поддршка на инклузивното образование и воведувањето образовни асистенти во училиштата заслужуваат пофалба во насока на создавање поволна средина за децата со попреченост.

УНИЦЕФ го поддржа преминот кон модел заснован на човекови права за проценка на децата и на младите со попреченост, со кој се нагласува нивната способност за да го достигнат сопствениот потенцијал. За тоа е неопходна соодветна поддршка од семејството на детето, заедницата и службите во областа на здравството, социјалната заштита и образованието.

ДИ ЏОВАНИ: ***Археолошкиот локалитет Стоби е неверојатен. Сакам да ги носам моите пријатели од странство таму и да им ја покажувам банкнотата од 10 денари на која е прикажан паунот од мозаиците што ги има  таму. Манастирите се многу интересни, но и многу тивки и убави места за спокојно размислување. И секако, многупати сум била во Охрид.***

***Искрено, Кокино ми дојде како големо изненадување и ми е омилено. Пред 4.000 години, луѓето го создале овој простор за да го гледаат небото ноќе. Замислете! Тоа е нешто посебно и уникатно во светот, и повторно, се чувствувам привилегирано што живеам тука, да ги гледам сите овие работи и да ги посетувам неверојатните локалитети на оваа земја, некогаш и по повеќе пати.***



Формирани се регионални тимови составени од лекари, воспитувачи, социјални работници и психијатри, кои ги проценуваат потребите на секое дете и изработуваат индивидуализирани планови за поддршка. Овие тимови потоа го олеснуваат пристапот до специјализирани услуги, се координираат со давателите на услуги, нудат насоки за родителите во поддршката на нивните деца и соработуваат во одредувањето на  личните цели за ангажман на детето. Тимовите, исто така, ќе се користат за насочување на децата со тешкотии во развојот кон  службите за интервенција во раното детство.

Во 2022 година, УНИЦЕФ поддржа сеопфатна анализа на интервенциите во раното детство во Северна Македонија, од каде што произлегоа податоци и препораки за следните чекори за градење, зајакнување, подобрување, проширување и финансиска поддршка на националниот систем за интервенции во раното детство и соодветните програми. Друга промена што ја поддржавме беше подготовката на Законот за социјална заштита од 2019 година, со кој се преструктуираше системот за парична помош за лицата со попреченост, со цел да се зголемат опфатот и адекватноста.

Дополнително, со законот се воведоа нови услуги за децата со попреченост и нивните згрижувачи. Понатаму, успешниот процес на деинституционализација значи дека денес во земјата ниту едно дете не живее во голема институција. Децата со попреченост без родителска грижа се сместени или кај згрижувачи или во мали групни домови во заедницата. Сепак, опсегот на услуги за децата со попреченост е доста ограничен на локално ниво и затоа се потребни дополнителни инвестиции. УНИЦЕФ промовираше грижа и услуги базирани во семејството, како што е воведувањето на меѓудисциплинарен модел за интервенција во раното детство ориентиран кон семејството за да се обезбедат јасни инструкции и поддршка на родителите.

**Вие сте претставничка на УНИЦЕФ во Македонија повеќе од три години. Колку често ја истражувате нашата земја и кои природни убавини Ви оставиле впечаток?**

Ја истражувам земјата онолку често колку што сум во можност. Пристигнав кусо време пред да се воведат рестриктивните мерки за пандемијата, и затоа, кога можев,  излегував да прошетам и да ја видам земјата, а за




мене тоа беше важно и од аспект на мојата ментална добросостојба.

Земјата е неверојатно убава. Се чувствувам привилегирана што живеам тука и ја истражувам, а во последниве 18 месеци ме посетија многу пријатели и семејството. Сите го кажуваме истото. Македонија е „добро чувана тајна", и недоволно позната во туристичките кругови како што се Грција, Шпанија, Италија, Обединетото Кралство.

Многу сакам да поминувам време на плоштадот „Македонија". Низ кафулињата, гледајќи како семејствата доаѓаат и си одат. Ми се допаѓа дека тоа е доста прометен јавен простор. И тврдината што секогаш го надгледува градот, нудејќи „заштита" и доловувајќи го духот на историјата. Исто и со Градскиот парк, кој се протега покрај реката Вардар речиси до  трговскиот центар. За мене е вистинско уживање да седнам во некоја од многубројните кафеани по должината на патот, и иако немам мое куче, ми се допаѓа што повеќето од овие места се отворени и за кучиња.

Возењето низ земјата и посетата на винариите ми е омилен начин да го поминам слободното време во викендите, и заедно со пријателите често одиме во врвните винарии да ручаме и да уживаме во пејзажот. Тоа ми е одличен начин за опуштање. Има убава храна, тавче-гравче ми е омилено јадење, имате одлично вино и прекрасни пејзажи каде што може да се јаде меѓу лозниците.

Археолошкиот локалитет Стоби е неверојатен. Сакам да ги носам моите пријатели од странство таму и да им ја покажувам банкнотата од 10 денари на која е прикажан паунот од мозаиците што ги има таму. Манастирите се многу интересни, но и многу тивки и убави места за  спокојно размислување. И секако, многупати сум била во Охрид.

Искрено, Кокино ми дојде како големо изненадување и ми е омилено. Пред 4.000 години, луѓето го создале овој простор за да го гледаат небото ноќе. Замислете! Тоа е нешто посебно и уникатно во светот, и повторно, се чувствувам привилегирано што живеам тука, да ги гледам сите овие работи и да ги посетувам неверојатните локалитети на оваа земја, некогаш и по повеќе пати. Мислам дека пропуштив да споменам многу други места, но за тоа ќе треба цело посебно издание.

# ЛЕТНАТА СЕЗОНА ВО МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ

## НА ЕЗЕРО ИЛИ НА МОРЕ, ВО ЗЕМЈАВА ИЛИ ВО СТРАНСТВО, КАДЕ И ДА ЛЕТУВАТЕ, НАЈВАЖНО Е ДА СИ ЈА РЕЛАКСИРАТЕ ДУШАТА

Ако велигденските аранжмани и првомајските резервации се предвесник за претстојната туристичка сезона, тогаш лесно можеме да дојдеме до заклучок дека и ова лето, ќе има зголемен интерес за патување. Податокот од домашните туристички агенции, дека за продолжените викенди понудите биле исполнети до последно место за патувања надвор од Македонија, покажува дека граѓаните, без разлика на економската криза, сакаат да си дозволат убаво и различно патување. Да се искористи секој слободен ден и да се доживеат нови искуства, надвор од секојдневието е желба на многумина. Без разлика дали слободните денови ќе се искористат за одмор низ нашите туристички места, за летување во некои од земјите од регионот или пак за некои далечни дестинации, факт е дека туристичките агенции и оваа туристичка сезона ќе имаат полни раце работа, по речиси крахот што го доживеаја најмногу за време на ковид-кризата.

Општо е познато дека туристичките аранжмани се поскапи по кризата со ковидот и потоа со Украина, но тоа нема да ги спречи граѓаните да најдат понуда што најмногу им одговара. Затоа, изборот за голем дел од оние што патуваат е одмор во Македонија или ако сакаат море, во некои од земјите од регионот.

Во оваа анализа ќе направиме компарација за летната сезона во Македонија, што нуди нашата земја, а што нудат земјите од регионот. Во зависност од вкусот и можностите за патување – дали повеќе се претпочита езерски или морски туризам – некои ќе летуваат во домашните туристички центри, а некои ќе ги одберат плажите во Грција, Албанија, Црна Гора, Хрватска, Бугарија.




Свети Јован Канео, Охрид.
*Извор: pixabay.com*



## ОХРИДСКО-СТРУШКИ РЕГИОН

Охрид и Струга се секогаш добра идеја за летување. Природните потенцијали, уникатното културно богатство, туристички капацитети го прават Охрид атрактивна дестинација, не само за домашните, туку и за голем број туроператори и претставници на туристичкиот сектор од европските земји. За време на велигденските и првомајските празници, Охридско-струшкиот регион беше полн со туристи. Од почетокот на мај, од кога и официјално започнува летната сезона, стартуваат и чартер летовите од Холандија, Полска, Турција и од Србија. Ова им дава надеж на туристичките работници дека ќе имаат добра сезона, кои се категорични дека воведените нови авиолинии на аеродромот „Свети Апостол Павле" значително го зголемија бројот на туристите по должината на охридско-струшката ривиера.

Малку подзаборавена, но не помалку интересна за летување е Преспа. Со својот поинаков шмек е привлечна дестинација за туристи кои сакаат да истражуваат. Отсуствуваат поголеми хотелски објекти, но покрај својата природна убавина, секогаш мами одреден број туристи. Од поголемиот број плажи по должината на Преспанското Езеро, издвојуваме неколку песочни плажи што пленат со својата убавина. Пред нив се простира езерската шир, а зад нив планини со бујна вегетација, а тоа се Претор, Сливница, Долно Дупени, Стење, Крани. Мора да се признае дека Преспа нема големи хотели, па се нудат индивидуални сместувачки капацитети, куќи и мали хотели.


Дојран.

## ПОЛЕКА, НО СИГУРНО ДОЈРАН ГО ВРАЌА СТАРИОТ СЈАЈ

Во последните неколку години, Дојран повторно го враќа стариот сјај и за време на викендите и за празници во текот на летото е преполн со посетители. Градот се подготвува за претстојната туристичка сезона, а има над 300 приватници кои нудат сместувачки услуги, плус хотелите. Најмногу туристи има од земјава, но често може да се сретнат и туристи од странство, кои на пат кон Грција или Турција решиле да поминат неколку денови покрај Дојранско Езеро.



## СЕПАК, МНОГУМИНА ОД НАС ЌЕ РЕЧАТ, МОРЕ СИ Е МОРЕ!

### Нема кој не размислува за одмор во Грција

**Грција останува една од најомилените дестинации за летување. Иако цените на аранжманите се зголемени до 30 проценти, интересот за патување во оваа земја не стивнува. За тоа има неколку причини: плажи за сечиј вкус, понуди за секој џеб, а податоците од туристичките агенции покажуваат дека аранжманите за пред сезона веќе се распродадени.**

**Најбрза и најдостапна варијанта е секако Халкидики, односно трите полуострови лоцирани во близина на Солун, за кои слободно можеме да кажеме дека за нас се главна летна дестинација. Касандра, првиот крак, е познат по своите многубројни туристички места и плажи. Вториот крак, Ситонија, е помалку туристички запоседнат и може да се пофали со скриени заливи, планински села, зелени долини и изолирани плажи. Третиот крак е Атос или Света Гора, кој до Уранополи е достапен за секого, а по Уранополи е монашка заедница, каде што посета е дозволена само за мажи и со посебни процедури за најавување.**

### Амуљани

Ако барате нешто надвор од стандардната рута, посетете го Амуљани, единствениот остров на Халкидики. Со околу 600 постојани жители, оваа мала земја среде интензивното сино море е рај со мали заливи и заштитени плажи на страна од гужвите. Но, покрај неговите убави пејзажи, самиот остров е совршен за истражување.

Доколку пак барате подалечни дестинации или острови, специјализираните сајтови за туризам имаат неколку предлози за оваа летна сезона.

## Крф

Крф е прекрасен остров на Јонското Море со планини во внатрешноста и живописни плажи со бел песок покрај брегот. Иако е на врвот на листа на многу луѓе, сепак можете да уживате во спокојството, ако се држите до помалку населените делови на брегот подалеку од поголемите градови. Има прекрасни плажи по должината на целиот брег со мали гратчиња испреплетени низ него. Крф е неверојатно место за посета за речиси секој патник.

Ако сакате да се забавувате и да запознавате нови луѓе, јужниот град Кавос е местото каде што е најдобриот ноќен живот. На север има плажи погодни за деца и најсина вода што некогаш ќе ја видите ако сте на одмор со семејството.



Крф.

## Кефалонија

Кефалонија, остров од јонската група, е познат по своите живописни крајбрежни градови, одличните хотели и ресторанite од светска класа. По должината на нејзиниот брег се наоѓаат мали градови кои нудат шармантно гостопримство и вкусна храна и пијалаци. Не треба да ја пропуштите пештерата Мелисани. Веслајте околу езерото во рамките на отворената пештера напладне, за да можете да ја доживеете магијата на целата пештера исполнета со сина светлина. Го одзема здивот и, изненадувачки, не е преплавен со туристи. Кефалонија е исто така позната по своите гребени и потонати бродови совршени за подводно истражување.



**Кефалонија.**
*Извор: greeka.com*

## Родос

Островот Родос во Средоземното Море е грчки рај. Има неверојатни плажи, но и пошумени планини, километри пешачење и интересни села.

Родос е енергичен, со уникатни продавници и ресторани. Познат како остров на витезите, Родос е дом на истоимениот средновековен град каде што Редот на витезите на Свети Јован од Ерусалим оставил свој белег на светското наследство на УНЕСКО. Откако ќе ги прошетате историските обележја на градот, упатете се кон селата за некои од најдобрите лозја во Грција. Или имајте поактивно попладневно пешачење до Салакос или замокот Критинија за извонреден поглед.



**Родос.**
*Извор: greeka.com*



**Крит.**
*Извор: химатравел*

## Крит

Крит е на списокот на многу луѓе со добра причина – прекрасен е. Со бел песок и светлосини води, Крит е она на што луѓето мислат кога ќе слушнат „грчки остров“. Можете да го поминете целиот грчки одмор на Крит и никогаш да не ви биде здодевно. Крит, петтиот по големина медитерански остров, има сè што е потребно за еден одмор: историја, култура, храна, плажи и природа.

За гордите љубители на морето, плажата Елафониси е една од најдобрите поради розовиот и белиот песок. Треба да одвоите време и да пешачите низ клисурата Самара – прекрасна е.



**Китира.**

## Китира

Ако не ги сакате гужвите, Китира е токму она што го барате. Не само што е наводно местото каде што се родила божицата Афродита, туку има и манастири, плажи, замок и венецијански остаток.

Ако претпочитате да останете во поразвиените области, Капсали, Чора, Диакофти и Агија Пелагија се градови совршени за пиење попладневни пијалаци и за гледање на зајдисонце.

## Наксос

Најголемиот од Кикладските Острови, Наксос е исто така еден од најмалку истражените – што значи дека можете да очекувате затскриени песочни плажи и тивка, опуштена атмосфера што ќе направи притисоците од секојдневниот живот да ги чувствувате далеку. Разновидност во неверојатно мал простор, ова е место каде што можете да се впуштите во малите високи планински села или да се сончате на плажи со свилен песок, далеку од лудите туристички толпи.

## Закинтос

Закинтос е трет по големина, од седумте поголеми јонски острови, а воедно и еден од најубавите грчки острови, се наоѓа во јужниот дел на Јонското Море. Широките песочни плажи со егзотични заливи и брег долг123 км, со години овој остров ги привлекува туристите. Закинтос е најпознат по големите морски желки кои се заштитен вид на островот бидејќи таму се размножуваат.

Лаганас се наоѓа на јужниот дел на островот, оддалечен 8 километри од градот Закинтос. Својата најголема им популарност ја должи на преубавите песочни плажи и на лудиот ноќен живот. Предноста на Лаганас е што ја има една од најубавите песочни плажи долга 5 километри. Целата област е позната по големиот број ноќни клубови и барови. Ова не е местото кое посакувате да го посетите ако сакате мирен одмор.



**Закинтос.**
*Извор: viabalkans.com*



Скопелос.
*Извор: greeka.com*

## Скопелос

Ако филмовите „Mamma Mia" дури делумно го инспирираа вашето патување во Грција, не треба да го пропуштите Скопелос. Иако е познат поради филмовите, тие не можат да ја доловат вистинската длабочина на убавината на островот. Со чисти карпи во длабоко сини води, плажи со златен песок и борови шуми кои се уникатно зачудувачки. Пливањето и сончањето се популарни активности за луѓето кои сакаат да се релаксираат и да гледаат зајдисонце.



## Санторини

Санторини е познат со добра причина. Тоа е едно од најубавите места во светот, има ноќен живот меѓу најдобрите во Европа. Островот е прилично туристички, но сепак е уникатно грчки. Ако го посетите во помирните месеци – април-јуни и септември-октомври – можете максимално да го искористите нивното топло време без толку многу луѓе. Намалениот број на туристи значи дека ќе имате можност да уживате во плажите и во убавото вино на Санторини. Она што го прави Санторини уникатен е неговата позната калдера, формирана од вулкански експлозии.



Санторини.
*Извор: cnn*

## Миконос

Наречен „грчка Ибица", Миконос е местото каде што ќе ги најдете светски познатите диџеи кои се главни во суперклубовите, со многу припадници на џет-сетот на јахти и во приватни авиони. Но, овој остров не е само за привилегираните луѓе: има многу достапни хотели, гурмански ресторани со пристапни цени и тивки катчиња кои сè уште се релативно недопрени од туристичката индустрија.



Миконос.
*Извор: The Planet D*

**Дел од сајтовите за препорака за најевтини грчки острови за летување годинава ги набројуваат: Крит, Родос, Кос, Наксос, Самос, Хиос, Лезбос, Закинтос, Евија, Егина.**



Ксамил.
*Извор: shutterstock*

# И Албанија станува интересна за македонските туристи

**Во последните неколку години расте интересот за летување во Албанија. Оваа земја е брзорастечка дестинација за одмор, а за тоа има повеќе причини. Јонскиот брег на Албанија е поевтин од јонскиот брег на Грција, можат да се најдат прекрасни плажи, има изобилство од крајбрежни предели, вкусна кујна, жив ноќен живот и исклучително гостопримливи локални жители.**



## Ксамил

На 15 минути возење со автомобил или автобус од Саранда, Ксамил е местото каде што сите одат да ги видат најдобрите албански плажи. Ова се некои од единствените навистина песочни плажи на албанската ривиера (повеќето имаат мазни бели камења). Единствениот недостиг на Ксамил е тоа што неговите плажи се прилично мали и често се во приватна сопственост, така што ќе треба да платите за столче или за пијалак за да ја користите плажата. Ксамил е совршен ако сакате убава плажа без да патувате далеку. Всушност, ако барате навистина опуштен одмор на албанска плажа, ова е едно од единствените места со навистина песочни плажи во Албанија.

## Саранда

Саранда е главниот град по должината на албанската ривиера. Иако ова е веројатно главната дестинација за туристите на ривиерата, таа всушност не е најдобра за плажите – но е одлична основа од која може да се истражат некои блиски плажи. Во Саранда вреди да се запре за да се почувствуваат градовите на плажа во Албанија. Можете да купите евтини морски плодови, да ги посетите продавниците и ресторантите по должината на главното шеталиште на плажата и да пешачете до замокот Лекурси за прекрасен поглед.

Саранда.
*Извор: visitsaranda.net*





**Плажа Ѓипе, Валона.**
*Извор: Worldbeachguide.com*

## Валона

Влора или Валона е приморски град со посебно значење за многу Албанци. Тоа е местото каде што беше прогласена независноста на земјата од Отоманската Империја на почетокот на 20 век. Како дестинација за одмор, таа може да се пофали со релаксирачки туристички плажи со кристално чисти води, шармантни одморалишта сместени во планините, музеи и споменици кои ќе ви обезбедат удобност и адекватно забавување во текот на вашиот престој.

Скриената плажа во близина на **кањонот Ѓипе** е исто така една од најубавите плажи во Албанија. Не се гледа од ниту еден пат одгоре бидејќи е добро скриен зад стрмните планински падини. Не е лесно да се стигне дотаму, а тоа е можно само со автомобил и пешачење. Земете удобни чевли наместо апостолки. Погледот над морето и далечните планини покрај брегот го одзема здивот.

Самата плажа е прекрасна, со светол песок и со прекрасна чиста вода. Има многу слободна површина, но има и опција за земање чадор. Има неколку барови, па можете да јадете и да пиете нешто едноставно. Зад плажата има и кампување. Градот најблиску до кањонот Ѓипе е Дерми.

## Дерми

Освен долгата плажа, ова село нуди многу заливи и помали заливи, како и мешавина од сместувања по различни цени. Малиот Дерми е пријатно одморалиште. Градската плажа е долга, широка и убава, со ситен чакал. Има убаво шеталиште, ресторани и барови, а погледот од нив е едноставно одличен.



**Плажа Дерми.**
*Извор: rawmalroams.com*

## Химара

Химара можеби изгледа како заспано гратче, но е добро воспоставена туристичка дестинација. Иако главната плажа на градот е обично преполна, неколку километри на југ ќе ја најдете плажата Ламани – плажа од бел камен со кристално чисти води и прекрасни ридови во заднината. По истиот правец, ќе ја најдете и плажата Потами, чист дел од камен и сини води.



**Химара.**
*Извор: World Travel Guide*



Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


ЗА ТУРИЗАМ

# Superbrands

## UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC